# Број 3

## 28.02.2023 година

Службен гласник на општина Делчево Уредува

Излегува по потреба Одделение за правни и општи работи

ФЕВРУАРИ 2023

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/2002) и член 42 став 1 алинеја 3 од Статутот на Општина Делчево („Сл.гласник на Општина Делчево“ бр.15/2013, 2/2019 и 1/2021), Градоначалникот на Општина Делчево, на ден **27.02.2023** година, донесе

РЕШЕНИЕ

ЗА ОБЈАВУВАЊЕ АКТИ ОД 19. СЕДНИЦА

НА СОВЕТОТ НА ОПШТИНА ДЕЛЧЕВО

I

Да се објават во „Сл.гласник на општина Делчево“, актите што Советот на Општина Делчево ги донесе на **19. седница**, одржана на **24.02.2023** година и тоа:

1.**Програма** за социјална заштита на Општина Делчево за 2023 година;

2. **Заклучок** за усвојување на Квартален извештај за извршувањето на буџетот на општина Делчево за извештајниот период од 01.01.2022 до 31.12.2022;

3. **Одлука** за резервирани средства за надомест на одземен имот во Буџетот на Општина Делчево за 2023 година;

4. **Одлука** за давање на времено користење движна ствар-моторно возило на Јавното комунално претпријатие „Брегалница“-Делчево;

5. **Одлука** за утврдување на потребата од донесување на урбанистичко планска документација за бесправо изграден објект надвор од плански опфат објект викенд куќа зграда број 1 по барање на Олга Ѓеоргиевска;

6. **Одлука** за утврдување на потребата од донесување на урбанистичко планска документација за бесправо изграден објект надвор од плански опфат објект помошен куќа зграда број 2 по барање на Олга Ѓеоргиевска;

7. **Одлука** за утврдување на потребата од донесување на урбанистичко планска документација за бесправо изграден објект надвор од плански опфат објект станбена куќа зграда број 1 по барање на Горан Ковачки;

8. **Одлука** за утврдување на потребата од донесување на урбанистичко планска документација за бесправо изграден објект надвор од плански опфат објект станбена куќа зграда број 1 по барање на Ванчо Ковачки;

9. **Одлука** за утврдување на потребата од донесување на урбанистичко планска документација за бесправо изграден објект надвор од плански опфат објект викенд куќа зграда број 1 по барање на Игорчо Митев;

10. **Одлука** за утврдување на потребата од донесување на урбанистичко планска документација за бесправо изграден објект надвор од плански опфат објект помошен објект во земјоделството зграда број 1 по барање на Горги Цеков;

11. **Одлука** за утврдување на потребата од донесување на урбанистичко планска документација за бесправо изграден објект надвор од плански опфат објект помошен објект во земјоделството зграда број 1 по барање на Боре Гоцевски;

12. **Програма** за родова рамноправност на мажите и жените на Општина Делчево и работа на Комисијата за еднакви можности за 2023 година;

13. **Програма** за решавање на проблемот со кучињата-скитници на подрачјето на општина Делчево за 2023/2024 година;

14.**Одлука** за отпочнување на активности за редовно ажурирање на Процената на загрозеност на подрачјето на општина Делчево од сите ризици и опасности;

15. **Мислење** за Програма за изведување на еднодневна екскурзија низ РСМ со учениците од трето одделение од ООУ „Свети Климент Охридски"-Делчево;

16. **Мислење** за Програма за изведување на дводневна екскурзија низ РСМ со учениците од шесто одделение од ООУ „Свети Климент Охридски"-Делчево;

17. **Мислење** за Програма за изведување на тридневна екскурзија низ РСМ со учениците од деветто одделение од ООУ „Свети Климент Охридски"-Делчево;

II

Решението влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Сл.гласник на Општина Делчево".

Број 08- 518 /1
28.02.2023 год.
Делчево

ОПШТИНА ДЕЛЧЕВО
Градоначалник,
Горан Трајковски, с.р.

Врз основа на член 11 став 1 алинеја 7 и член 142 став 5 од Законот за социјална заштита ( „Сл.весник на РСМ„ бр.104/2019 ,146/2019 , 275/2019, 302/2020, 311/2020, 163/2021, 294/2021, 99/2022, 236/2022, 273/2022 ) и член 22 став 1 точка 7 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РСМ" број 5/02) а согласно Националната програма за развој на социјалната заштита , Социјалниот план на Општина Делчево за 2023-2025 година, бр.08-1550/1 од 19.07.2022 година , а по доставено позитивно мислење од МТСП бр.10-788/1 од 20.01.2023 година на својата 19 редовна седница, одржана на ден 24.02.2023 година, Советот на Општина Делчево донесе

**ПРОГРАМА**

**за социјална заштита на Општина Делчево за 2023 година**

1. **ВОВЕД**

**1.1 Социо економски карактеристики на Општина Делчево**

Општина Делчево се наоѓа во крајниот североисточен дел на Република Северна Македонија, во подножјето на планината Голак (Чавка - 1524м), непосредно до бугарската граница на оддалеченост од само 10км. На исток е заградена со планината Влаина, на север со Осоговските и на југ со Малешевските планини. Сместена е во котлината Пијанец и распослана по горниот тек на реката Брегалница. Општината со нејзината поширока околина се протега на следните координати: 41º 58' северна географска ширина и 22º 46' источна географска должина, на надморска височина од 630 метри. Во согласност со Законот за територијална организација на локалната самоуправа на Република Македонија (Службен весник 55/04 и неговите измени) и Листата на рурални подрачја и рурални населени места во Република Македонија (Службен весник бр.89/2011), општина Делчево е класифицирана како рурална општина.

Општина Делчево на југ се граничи со општините Пехчево и Берово, на запад со општината Виница, на северозапад со општината Македонска Каменица, а на исток и североисток со Република Бугарија. Општината претставува важна алка на источномакедонската магистрала, која ги поврзува сите поголеми населби во овој дел на земјата, а понатаму и со делови од територијата на соседна Бугарија. Практично, Делчево лежи на еден многу важен крстопат преку кој во напоредничкиот правец води најкусата врска меѓу долината на реката

Вардар од една, и долината на реката Струма од друга страна.  Општина Делчево има добри сообраќајни врски бидејќи магистралниот пат А3 Делчево-граничен премин со Република Бугарија минува низ неа.

**Население**

Според Пописот во 2021 година во општина Делчево живеат 13.585 жители, од кои 11.949 или 87,95% во општинскиот центар, т.е. градот Делчево. Од нив 6.806 се мажи а 6.779 се жени.Просечната густина на населеност е 42,5 жители/км2, што е под просекот на Република Македонија од 78,8 жители/км2. Иако за релевантни и клучни податоци во поглед на бројот на население и неговата структура се зема последниот попис спроведен во државата во 2002 година, сепак Државниот завод за статистика периодично прави статистички процени во сите области. Податоците кои се содржани во оваа Програма за социјална заштита, се најново објавените од страна на ДЗС од Пописот 2021 година, согласно ажурираноста.

Согласно етничката припадност на населението, според неофицијалните податоци од Пописот 2021 година, македонците се во најголем дел 12.962, албанци се 20 (17 жени и 3 мажи), турци 112 (54 жени и 58 мажи), роми 475 (231 жени и 244 мажи), власи 5 (жени 2 и мажи 3), срби 9 (жени 4 и мажи 5) и бошнаци 2 (1 жена и 1 маж)

Просечната возраст на населението во општина Делчево изнесува 36,8 години, најмногу доминира населението на возраст од  55 до 59 години, додека најмалку бројна е популацијата до деветгодишна возраст.
Во 2021 година во Делчево се склучени 63, а разведени се 32 бракови. Од податоците што ги добивме од ЈУ МЦСР  вкупно 128 лица посетиле советувалиште за бракоразводи. Бракоразводите подеднакво се покренуваат и од мажите и од жените. Најчести причини за бракоразвод се наведуваат: нарушени брачни односи, неверство, семејно насилство (физичко и психичко), економско-социјални причини и др. Бракоразводите во најголем број случаи се случуваат помеѓу 35-45 годишна возраст.

**1.1 Законска регулатива**

Остварувањето на социјалната  заштита  во Општина Делчево се заснова пред се на Законот за социјалната заштита; Законот за заштита на децата; Законот за семејство; Националната програма за развој на социјална заштита во РСМ;  Програмата за развој на заштитата на децата во РСМ и други закони и подзаконски акти кои се однесуваат на социјалната, детската и здравствената заштита во Република Македонија, како и надлежностите дадени на општините со Законот за локалната самоуправа и Статутот на Општината Делчево, каде се уредени правата на граѓаните од областа на социјалната, детската и здравствената заштита.

Законска основа на Програмата за социјална заштита на Општина Делчево за 2023 година:

- Закон за социјална заштита ( „Сл.весник на РСМ„ бр.104/2019 ,146/2019 , 275/2019, 302/2020, 311/2020, 163/2021, 294/2021, 99/2022, 236/2022,273/22 ),
- Закон за заштита на децата („Сл.весник на РСМ„ бр.146 од 17.07.2019),
- Закон за семејство („Сл.весник на РСМ„ бр.153 од 20.04.2014)
- Закон за спречување и заштита од насилство врз жените и семејно насилство („Сл.весник на РСМ„ 24/2021)
- Закон за локална самоуправа („Сл.весник на РСМ„ бр.5 од 29.01.2002)
- Закон за финансирање на единиците на локална самоуправа („Сл.весник на РСМ„ бр.61/04, 96/04, 67/07, 156/09, 47/11.....173/22)
- Закон за основно образование („ Сл.весник на РСМ„ 161/19 и 229/20),
- Национална програма за социјална заштита („Сл.весник на РСМ„ 192 од 17.10.2016)
- Национална стратегија за деинстутионализација
- Локалниот Акционен план за социјална заштита 2019-2021 („Сл.гласник на Општина Делчево„ бр14/2018 од 13.11.2018)
- Социјален план на Општина Делчево за 2020 година , бр.10-2189/3 од 22.11.2019 година,
- Социјалниот план на Општина Делчево за 2023-2025 година, бр.08-1550/1 од 19.07.2022 година
- Стратегија за родова еднаквост на регионот Делчево, Берово и Пехчево за периодот 2020-2022, (Сл.гласник на Општина Делчево бр.11/2019 од 30.09.2019),
- Акциски план на Општина Делчево за имплементација на регионалната стратегија за родова еднаквост за општините Делчево, Берово и Пехчево за периодот 2020-2022, бр.09-1840/1 од 27.09.2019 година („Сл.гласник на Општина Делчево„ бр.11/2019 од 30.09.2019)

Други општински документи и акти кои се однесуваат на социјалната, детската и здравствената заштита а кои се земени во предвид при подготовката на Социјалниот план:

- Правилникот за утврдување на критериумите, условите и постапката за доделување на еднократна парична помош бр.09-334/1 од 23.02.2018 година,
- Правилникот за изменување и дополнување на Правилникот за утврдување на критериумите, условите и постапката за доделување на еднократна парична помош бр.09-1273/1 од 30.07.2020 година,
- Правилникот за начинот , условите, кретириумите и постапката за доделување на награди и признанија на Општина Делчево бр.09-166/1 од 30.01.2018 година,
- Правилникот за условите, начинот и постапката за доделување на финансиска помош на спортски клубови, спортски здруженија, правни лица во областа на спортот и здруженија на граѓани 09-333/1 од 23.02.2018 година,
- Годишен извештај за реализираната програмата за остварување на социјална заштита на општина Делчево за 2020 година
- Одлука за доделување на стипендии на одлични ученици во СОУ „М.М.Брицо„ Делчево, бр.09-2219/1 од 28.10.2022 („Сл.гласник на Општина Делчево„ 13/22),
- Одлука за доделување на стипендии на ученици во СОУ М.М.Брицо Делчево кои постигнале особено висок успех во учењето, бр.09-2218/1 од 28.10.2022(„Сл.гласник на Општина Делчево„ 13/20),

- Одлука за доделување на стипендии на ученици прогласени за пвенци на генерацијата во општинските училишта, бр.09-948/1 од 27.05.2021 („Сл.гласник на Општина Делчево„ бр.6,21),
- Одлуката за доделување на стипендии за студенти кои студираат на државните универзитети во Република Северна Македонија бр.09-2220/1 од 28.10.2022 година,
- Одлуката за доделување на стипендии за студенти кои студираат на државните универзитети во Република Северна Македонија и кои постигнале особено висок успех во студирањето бр.09-2221/1 од 28.10.2022 година,

**2. ЦЕЛИ на Програмата за социјална заштита на Општина Делчево за 2023 година**

*2.1 Општа цел на Програмата:*

Целта на Програмата е развој на интегриран, транспарентен и одржлив систем на социјална заштита кој ќе обезбеди достапни, ефикасни и квалитетни мерки и услуги креирани според потребите на граѓаните вклучително на потребите и на жените и на мажите во Општина Делчево.

**2.2 Специфични цели на Програмата:**

2.2.1 Остварување на социјална заштита на лица/семејства во социјален ризик, маргинализирани групи , лица/семејства погодени од несреќи и други елементарни непогоди и лица со посебни потреби

2.2.2 Развој на социјални мерки за невработените лица кои тешко се снаоѓаат на пазарот на трудот,

2.2.3 Обезбедување на помош и грижа за децата, учениците и студентите,

2.2.4 Обезбедување мерки и услуги за старите лица ,

2.2.5 Промовирање на нови социјални услуги

**3. МАПИРАЊЕ на социјалните проблеми и ранливите групи на локално ниво и нивните потреби**

За потребите на Општина Делчево беше направено социјално мапирање и беа консултирани и вклучени претставници на клучните институции, организации и здруженија на граѓани кои работат на територијата на Општина Делчево, а со цел да се постигне инклузивен и партиципативен процес, преку кој заеднички се посветуваме на поквалитетен живот на нашите сограѓани. Секој од нив, од доменот на своето работење придонесе со преглед и анализа на состојбите и даде предлози за потребните активности.

Миграциите како социјален ризик

Прва специфика на општината е тоа што како и во останатите градови во Република Северна Македонија така и тука зголемен е бројот на млади лица како и семејства кои се иселуваат, ја напуштаат државата трајно или привремено, и заминуваат во западноевропските земји

најчесто поради подобра егзистенција и поради неможноста да најдат вработување во општината. Со оглед на тоа се претпоставува дека старото население е во постојан пораст над бројот на младата популација, заради трендот на иселувањето и привременото емигрирање којшто е генерален проблем со кој се среќава целата нашата држава.

Согласно последните статистички процени на ДЗС во 2018 во Делчево има вкупно 44 доселени лица. Од нив 11 се мажи, а 33 жени. Од оваа вкупна бројка 9 лица се доселени од странски држави додека остатокот од други населени места (градови и села) во Македонија. Според нивото на образование на овие лица, најмногу од нив односно 26 се со средно образование, 9 се со високо образование, 5 со завршено основно училиште, 2 со магистратура и 1 без образование. Доселените лица се генерално од ромска етничка припадност, повеќето се припаднички на женскиот пол, а нивната средна возраст е 36 години. Со овие бројки не се предизвикува некоја драстична промена во профилот на населението во општината, како во поглед на активната работна сила така и во поглед на образовните кадри.

Во истиот овој период од Делчево се отселени вкупно 91 лице, меѓу нив има еден доктор на науки, четири магистри, 26 со високо и средно образование, 10 со основно, двајца со вишо образование, 5 со неотполно основно образование и двајца без образование. Отселените лица се најмногу од македонската етничка заедница и се мажи, додека просечната ворзаст на отселени лица е 20 години. Овие бројки укажуваат на отселување на генерално млада популација со исклучиво високо образование која како активна и работоспособна група најмногу може да придонесе за развој на општината.

Со овие бројки миграционо салдо на општината изнесува -47. Како најчести причини за доселување се споменуваат семејни причини, стапување во брак, а најмалку поради работа..Додека како причини за отселувањето на граѓаните се наведени економските причини и незадоволството кај младите воопшто од системската поставеност на државата.

| 2018 | Доселени | | | Отселени |
|---|---|---|---|---|
| | вкупно | мажи | жени | вкупно |
| Делчево | 44 | 11 | 33 | 91 |

*Табела 4: Доселени и отселени лица во Делчево, извор ДЗС 2018*

Иако резултатите од последниот попис на населението не се објавени, евидентна е перманентната миграција внатре во општината, пред се постарите лица од село во градот, поради немање услови сами да живеат и поради тоа повеќе или помалку со самата старост претставуваат ранлива категорија.

**Невработеноста како социјален ризик**

Според податоците од АВРМ најголема стапка на невработеност се забележува во групата невработени лица над 50 години и тоа со основно образование. Најголем дел од оваа група невработени лица се лица кои примаат паричен надоместок и лица кои примаат гарантирана минимална помош, кои имаат обврска да се евидентираат како активни баратели на работа. Бројката на невработени лица, селектирана според возраст од 40-49 години, е исто така во голем број, но може да се намали доколку се воведе и зголеми бројот на лица за мерката "Обука и вработување на лица за обезбедување услуги за грижа во заедницата за лица со попреченост и лица со хронична болест. Во категоријата, невработени лица до 29 години, според образование, голем е бројот на невработени лица со завршено основно образование, кои може да се вклучат во мерката обука за побарувани занимања, обука на работно место кај познат работодавач и субвенции на плати.

**Старост како социјален ризик**

Трет социјален ризик во општината е се поголемиот број на стари и изнемоштени лица кои живеат сами и се без семејна грижа. Бројот на пензионери на територијата на Општина Делчево е вкупно 3493 лица. Од нив 1743 се жени а 1750 мажи. Во Делчево нема Дом за згрижување на стари и изнемоштени лица, а најблиску таков дом има во Берово, но тој е со ограничен капацитет. Од разговорот со претставниците на Здружението на пензионери, голем дел од пензионерите секојдневно се соочуваат со проблеми од типот на осаменост, изолираност, потешкотии во извршувањето на секојдневните активности во домот.

Според последната евиденција на Здружението на пензионери најголем дел од старите лица во Делчево се со ниски и просечни пензиски примања. 63 стари лица се без семејна грижа а 12 од нив се без никакви примања. Бројките се резултат на масовното иселување на младите од општината, по што во многу семејства се останати само стари, болни и изнемоштени лица, кои неможат за себе да си обезбедат основна социјална и здравствена грижа или неможат сами да ги обавуват основните потреби. Ваквата ситуација, особено влијае на опаѓање на квалитетот на животот на оваа ранлива група, а посебно ранливи се старите лица во руралните средини. При мапирањето не успеавме да најдеме официјален податок колку стари лица од Делчево се сместени во старечките домови низ државата, но од неофицијалните податоци со кои располагаат Здружението е дека таа бројка е околу 22.

Според податоците од ЈУ МЦСР Делчево во 2022 година има вкупно 340 лица корисници на Паричен надоместок за помош и нега од друго лице од кои 192 се мажи и 148 жени. Врз основа на повеќе истражувања и анализи спроведени од Општина Делчево а со помош на НВО и здравствените установи на подрачјето на нашата општина, се констатира следната состојба:

- Најголем дел од старите лица имаат пензија (лична, семејна, земјоделска), која им овозможува услови за скромен живот,
- Поголем дел живеат сами (вдовец/вдовица),
- Речиси сите имаат здравствени проблеми (90/% ревматски заболувања, 85% кардиоваскуларни заболувања, 38% дијабет и други заболувања),
- Одржувањето на личната хигиена и хигиената во домот, набавката и подготовката на храна им претставува тешкотија,
- За посета на лекар и набавка на лекарства во најголем дел се зависни од друг.
- Скоро кај сите преовладува чувството на осаменост, непотребност, отфрленост и страв од заболувања.

Сето ова укажува дека е несомнена потребата од услуга за дневен престој за пензионери и Дом за згрижување на стари и изнемоштени лица со 24 часовен третман. Од тие причини Општина Делчево превзема мерки и активности за пружање на помош и нега на старите и изнемоштените лица во домашни услови, преку тимови на невработени лица кои имаат сертификат за пружање на помош и нега во домот. Најмногу активности се реализирани преку учество на невработените лица во Програмата за општинско корисна работа-грижа за стари и изнемоштени лица. Ангажирани се 14 невработени лица од кои 8 жени и 6 мажи, од нив 6 се роми/ки и 8 македонци/ки.

Со мапирањето на ризични категории лица, со помош на Здружението на пензионери, НВО и МЗ и УЗ, ќе се направат напори да се идентификуваат жените и мажите корисници на пензија и идентификување на потребите за помош на жените и мажите пензионери и соодветно да се креираат програми за помош на оваа категорија на граѓани.

**Попреченост како социјален ризик**

**Четврта група граѓани во социјален ризик се децата со попреченост (машки и женски) и лицата со попреченост(мажи и жени).** Според податоците од ЈУ МЦСР, граѓанскиот сектор, центар за дневен престој за лица со попреченост и Публикацијата за социјална заштита на деца, млади и возрасни лица (Извор Завод за статистика од 21.04.2021 г.) во општината има вкупно 139 лица со телесен инвалидитет( 82 мажи и 57 жени), од кои 17 се деца(9 машки и 8 женски ), со оштететен вид 62 лица (28 мажи и 34 жени) од кои 9 се деца (6 машки и 3 женски), со оштетен слух 52 лица (21 маж и 31 жена) од кои 1 е дете(женско), со пречки во менталниот развој има 94 лица( 48 мажи и 46 жени), со комбинирани пречки 36 лица (12 мажи и 24 жени) од кои 23 се деца (13 мажки и 10 женски), 10 деца со пречки во вербалната комуникација (7 машки и 3 женски), 6 деца со аутизам ( 4 машки и 2 женски) и 28 деца со други пречки ( 10 машки и 18 женски).

Единствена институција во општината која згрижува лица со попреченост е Центарот за дневен престој за лица со попреченост . Но не сите услуги кои им се потребни на лицата со попреченост се даваат во тој центар за дневен престој.Трансформацијата на центарот за дневен престој за лица со попреченост во Центар за поддршка подразбира премин од периферна институција (лимитирана во испорачување на услуги) во централна база на планирање и организирање на услуги и третман за лицата со попреченост на општинско ниво, во соработка со ЈУМЦСР, Општина Делчево и другите релевантни институции. Тоа подразбира унапредување и проширување на услугите кон поголем број на лица сопопреченост, согласно план и програма за работа, и учество во планирање и давање на услуги на локално ниво, како централна

институција која кореспонндира во рамките на системот и активно соработува со релевантните институции и граѓанскиот сектор. Главна цел која ќе се постигне со трансформацијата на Дневниот центар е подобрување на квалитетот на живеење на лицата со попреченост во Општина Делчево, преку градење на системски мерки на услуги со меѓусекторска соработка на ЈУМЦСР, Општина Делчево и НВО секторот за еднакви можности за социјална инклузија во заедницата.

Со унапредување на услугите на постојниот Центар за дневен престој и негова трансформација ќе се содадат можности да одговори на потребите на поголем број на лица со попреченост на локално ниво и ќе ги овозможи следниве услуги:

- Рана интервенција и ран третман на деца од 1 до 5 годишна возраст, во домашни услови и во рамките на центарот во соработка со Здравствен дом Гоце Делчев Делчево и дополнителна функција со патронажните служби на Здравствениот дом.
- Поддршка на деца со попреченост во рамките на училишната заедница, за нејзино интегрирање и јакнење на нивните капацитети преку рехабилитационен и едукативен третман во рамките на Училиштето и во Центарот за поддршка, согласно потребите.
- Овозможување на третман во рамките на Центарот за поддршка кон деца со попреченост на основа на часовна артикулација со влез и излез во институцијата без дневен престој.
- Обезбедување на Дневен престој на лица кои имаат реални потреби, земајќи ги во предвид интересите и потребите на родителите.

Центарот за поддршка е алтернативна форма на услуга за лицата со попреченост која има централна позиција во и планирањето на потребите и услугите за лицата со попреченост на локално ниво во соработка со релевантите институции и организации. Од општинските училишта информираа дека недостатокот од сертифицирани лични асистенти за децата со попреченост и лиценцирана НВО како давател на услугата лична асистенција, претставува проблем кој мора да се реши до почетокот на наредната учебна година.

**Сиромаштија како социјален ризик**

Сиромаштијата се повеќе се јавува како главен социјален ризик за граѓаните на Општина Делчево. Се повеќе граѓани се на рабoт на егзистенцијата. Од податоците што ги достави ЈУ МЦСР Делчево, заклучно со месец Јуни 2022 година, 251 семејство се корисници на Гарантирана минимална помош (ГМП) од кои 168 носители на правото се мажи и 83 жени. Според Публикацијата за социјална заштита на деца, млади и возрасни лица (Извор Завод за статистика од 21.04.2021 г.) во период од 2018 до 2020 година вкупниот број на корисници на ГМП изнесува 822. Со енормното зголемување на малопродажните цени на основните прехрамбени продукти и енергенсите, се поголем број граѓани ќе се соочат со проблемот за обезбедување на основни средства за егзистенција иако се вработени и имаат некакви приходи и кои во овој случај неможат да го остварат ни правото на социјална помош бидејќи се вработени.
Согласно Програмата за социјална заштита и надлежностите дадени со Законот за социјална заштита, во овој дел на ризици општината интервенира преку:

- Помош на социјално загрозени семејства
- Помош на социјално маргинализирани групи (самохрани родители, роми, деца во судир со законот и др.)
- Помош на лица/семејства погодени од несреќи и др. елементарни непогоди

За остварување на социјалната превенција, се преземаат мерки за спречување на настанување на социјален ризик за граѓанинот, семејството или група на луѓе, особено преку едукативно-советувалишна работа, развивање на формите на самопомош, волонтерска работа со лично ангажирање и примена на други методи кои соодветствуваат на потребите на корисниците на социјалната заштита. Реализацијата на овие активности се остварува во центрите за социјална работа во соработка со општината, предучилишните, училишните, здравствените установи и другите државни тела и органи, правни и физички лица, НВО и здруженија на граѓани.

- Правото на прва социјална услуга на корисниците на социјална заштита, опфаќа воочување на проблемот кој произлегува од состојба на социјален ризик, укажување на корисникот на можните решенија, услуги и средства за негова заштита, како и за мрежата на установи надлежни за давање на услуги
- Правото на помош на поединецот, подразбира примена на форми на стручна, советодавна или советувалишна работа, со која му се овозможува стекнување на потребни информации, оспособување за самостојно одлучување, зачувување и развој на социјалните потенцијали
- Правото на помош на семејството, опфаќа стручна помош на членовите на семејството да ја надминат семејната криза во брачните односи, а особено во односите родители - деца, како и оспособување на тоа семејство да ги остварува своите функции во секојдневниот живот.

Единствена установа која ги дава претходно наведените услуги од областа на советување и информирање е ЈУ МЦСР и НВО КХАМ која пружа бесплатна правна помош и психо-социјална помош за семејствата/лицата во ризик.

**Малолетничката деликвенција, конзумирањето на дрога, психотропни супстанции и алкохол се се повеќе присутни помеѓу младите во Делчево.** Во консултација со стручните служби во општинските училишта утврдено е дека се поголем е бројот на млади од средното па и од основните училишта кои конзумираат дрога и други психоактивни супстанции. На оваа возраст најчесто употребувани супстанции кај младите се марихуана, алкохол и седативи, многу поретко наркотични аналгетици и опијати. Поради тоа кај младите се јавуваат следните ризици: загрозена сигурност и безбедност, малолетници во судир со законот и асоцијално однесување, запоставени деца (семејна запуштеност, несоодветно воспитување и недоволна грижа за децата, деца кои се оставени да ги чуваат бабите и дедовците, опасност по здравствената состојба на децата, невклученост во образовниот процес, изложеност на деликвентно однесување, конфликти во семејството, насилство, криминогено однесување и сл.

## 4. ПОСТЕЧКИ СОЦИЈАЛНИ УСЛУГИ

Во изминатиот период Општина Делчево има посветено големо внимание за креирање на услови за обезбедување на социјални услуги и тоа преку спроведување на бројни проекти со поддршка на различни донатори во кои се пилотирани различни активности кои имаат потенцијал да прераснат во социјални услуги. Најмногу активности се реализирани преку учество во Програмата за општинско корисна работа (во понатамошниот текст ќе се користи скратеницата ОКР), спроведена во соработка и финансиска поддршка со УНДП, АВРМ и МТСП. Преку оваа програма изградени се капацитети кои може да се користат за овозможување на потребните услови за организирање на функционални социјални услуги и лиценцирање на овластени даватели на социјални услуги, согласно регулативите на МТСП. Одзивот на постоечките здруженија на граѓани за лиценцирање на овластени даватели на социјални услуги беше многу мал, но се надеваме дека во иднина ќе се препознае бенефитот за граѓаните од воспоставување на квалитетни социјални услуги за граѓаните во нашата општина. Реализираните активност од оваа програма беа пред се за поддршка на стари и изнемоштени лица, лица со попреченост и образовни асистенти кои им помагаат на учениците со пречки во образовниот процес. Лиценца за овластени даватели на социјални услуги ќе обезбедат ЗГ „Бравура кооператива" и ОО на Црвен крст кои ќе работат пред се на услуги во домот и услуги во заедницата . Услугите за информирање и упатување досега ги даваше единствено ЈУ МЦСР Делчево и по некоја НВО но само како проектна активност, не и како востановена услуга.

## 5. НОВИ СОЦИЈАЛНИ УСЛУГИ

**Специфична цел:** 2.2.5 Промовирање на нови социјални услуги
Како инвестиција во добростојбата на граѓаните, за следниот период е планиран развој на нови социјални услуги. Со оглед на финансиската состојба и големината на општината, новите услуги се планирани да бидат обезбедени во соработка со донатори и МТСП.

### 5.1 Услуги за информирање и упатување

Покрај постоечката работа на ЦСР, оваа услуга може да се дава и преку овластени даватели на услуги, НВО, општински центар за информирање и упатување и др. форми. На пример неопходно е да се развие посебен сет на информации за вклучување на пазарот на трудот на лицата кои се долгорочно невработени или тешко вработливи и лицата со попреченост кои се на евиденцијата на АВРМ. Исто така потребно е да се даде дополнителна помош и поддршка при услугите за информирање и упатување за искористување на правата од социјална и здравствена заштита на ранливите категории на граѓани, но и поддршка со советодавна работи при барањето работа.

### 5.2 Услуги на стручна помош и поддршка

Долгоочекуваното воведување на услуги на стручна помош и поддршка ќе биде овозможено само преку лиценцирани даватели на услуги кои во соработка со стручните служби во ЦСР ќе работат на случај, ќе овозможат рарешување на комплексни семејни ситуации, работа со жртви на семејно насилство и др.

Услугата за психо-социјална помош и бесплатна правна помош е овозможена и преку НВО „КХАМ" од Делчево кои во овој дел од услугите покрај психолог и адвокат имаат ангажирано и медијатор за вработување на роми.

Во делот на услугите за поддршка, ЈЗУ Здравен дом Гоце Делчев вработи 2 здравствени медијатори, а едно од основните училишта вработи образовен медијатор.

**5.3 Услуги на советување**

Општината заедно со МТСП е спремна да поддржи работа на стручни граѓански организации кои би понудиле советувалишна работа за различни категории граѓани во социјален ризик, надвор од она што го обезбедува ЦСР. Центарот за советување во своите рамки би обезбедувал советувалишна работа за деца и младинци во различни социјални ризици (деца во судир со законот, нарушени семејни односи, жртви на врсничко насилсто, семејно насилство, корисници на дрога и алкохол).

Со воведување на **социјалната услуга – советувалиште за млади во социјален ризик и ризик од зависности и нивните семејства**, превентивно ќе се делува за да се надогради знаењето на младите за штетното влијание на психотропните супстанци како од здраствен аспект така и од законодавен аспект, да се подигне јавната свест кај просветните работници а воедно и кај родителите, за промовирање активности кои би довеле до намалување на процентот на ризик за посегање по психотропни супстанци, а воедно да се даде поддршка на оние млади кои веќе се зависници да посетат соодветни институции за нивната состојба и да се охрабрат родителите кои имаат деца зависници да се обратат за помош во соодветни институции. Во соработка со МВР – одел за превенција, десиминатори од Црвен крст – ОО Делчево од областа на врсничко насилство и сајбер насилство, едукации од зависности од дрога и други психотропни супстанци, психијатар и социјални работници, ќе се формираат тимови кои ќе одржат бројни предавања и работилници со учениците, нивните родители и вработените во училиштата во Делчево.

**5.4 Услуги за помош и нега во домот**

Општина Делчево има голема потреба од лиценцирање на овластен давател на услуги за помош и нега во домот и тоа за помош и нега на стари и изнемоштени лица, палијативна служба за лица заболени од тешки болести и др. услуги.

Во 2022 година преку мерката 7.2 – Обука и вработување на лица за обезбедување на услуги за грижа во заедницата , услугата за грижа во домот ќе ја спроведуваат ОО на ЦРВЕН КРСТ Делчево, како овластени даватели на услугата, а ќе пружаат услуга на 20 лица со алцхајмерова болест и деменција. Хуманитарно здружние за помош и поддршка на лица со попреченост БРАВУРА КООПЕРАТИВА Делчево исто така ќе ангажира невработени лица за грижа во домот и тоа 3 лица за палијативен неговател за болни и изнемоштени лица и 6 лица за асистенти/негователи за испорачување на услуга одмена на семејна грижа.

**5.5 Услуги за лична асистенција**

Според податоците добиени од мапирањето на проблемите на лицата со попреченост, констатирано е дека во Општина Делчево има недостаток и потреба од услугата лична и персонална асистенција. Оваа услуга ќе придонесе за независно и самостојно живеење на лицата со попреченост и нивно активно и рамноправно учество во заедницата и во опшеството во целина. Развојот на оваа услуга ќе се базира на правилниците и др. подзаконски акти кои го следат Законот за социјална заштита.

**5.6 Услуги во заедницата**

Услугите во зедницата ги опфаќаат услугите во дневните центри и тоа дневни центри за стари лица, дневни центри за лица со попреченост, дневни центра на зависници, дневни центри за престој на деца и младинци и други центри за поддршка на живеење во заедницата.

<u>Дневен центар за лица со попреченост</u>

Во 2023 година ќе се отпочне со II фаза од реализацијата на проектот за услуги во заедницата насловен како Клуб за социјална инклузија „Интегра". Проектот Клуб за социјална инклузија „Интегра" е програма за вклучување на 12 лица со попреченост од Општина Делчево, во организирана форма на услуга за рехабилитација, професионална ориентација и социјализација, во рамките на центарот за дневен престој за лица со попреченост Делчево. Причините за потребата од проектот Клуб за социјална инклузија „Интегра" е отсуството на институционални и други алтернативни форми на услуги за возрасни лица со попреченост во Општина Делчево. Проектот е базиран на приоритетите од Акцискиот план за социјална заштита на Општина Делчево во делот за маргинализирани групи.

<u>Дневен центар за стари лица со програма за активно стареење</u>

Согласно произлезената потреба идентификувана при спроведеното мапирање, Општина Делчево ќе работи на развој на услугата за дневен престој за стари лица во кој покрај социјализација и дружење ќе им обезбеди зачувување на психо-физичките способности на корисниците.

5.7 Услуги за вон – семејна заштита

Живеење со поддршка

- Обезбедување на мали групни домови за лица без родители и родителска грижа над 18 годишна возраст и групни домови за лица со попреченост над 26 годишна возраст,
- Обезбедување на стамбени единици за домување
- Шелтер центар за жртви на семејно насилство

Згрижување во семејство (згрижувачки семејства)

- Иако оваа услуга е управувана од МТСП, општината може да даде значителен придонес во поддршка на кампањата за обезбедување што поголем број на згрижувачки семејства. Исто така Општина Делчево во 2023 година ќе обезбеди парична помош во висина од 10.000 денари за секое згрижувачко семејство.

Сместување во установа

Идентификувана е потреба од изградба на Дом за стари лица. Бројот на стари лица во Општина Делчево кои живеат сами и се без семејна грижа, од ден во ден е се поголем. Затоа е потребно да се изгради Дом за стари лица кој ќе биде регионален.

6. **АКТИВНОСТИ и мерки кои ќе се преземат за реализација на Програмата за социјална заштита на Општина Делчево за 2023 година и остварување на целите**

Активностите на Општина Делчево во обезбедувањето на социјалната заштита на граѓаните на општината , ќе бидат насочени кон поттикнување, поддржување и помагање во остварување на правата на граѓаните од областа на социјалната заштита и тоа:

- Помош на социјално загрозени семејства
- Помош на социјално маргинализирани групи (самохрани родители, роми , деца во судир со законот и др.)
- Помош на лица/семејства погодени од несреќи и др.елементарни непогоди
- Помош на невработени лица кои тешко се снаоѓаат на пазарот на трудот,
- Помош и грижа за стари и изнемоштени лица,
- Помош и грижа за лицата со посебни потреби,
- Помош и грижа за децата од предучилишното образование и воспитание, ученици, студенти
- Промовирање на нови социјални услуги и тоа: услуги за информирање и упатување, услуги за помош и нега во домот , услуги за лична асистенција, услуги во заедницата и услуги за вонсемејна заштита

Програмата за социјална заштита на Општина Делчево за 2023 година главно ќе ги вклучува следните активности:

**6.1Парична помош и обезбедување на посебни мерки и услуги за социјална превенција и заштита за одредени категории на лица**

**Специфична цел:** 2.2.1 Остварување на социјална заштита на лица/семејства во социјален ризик, маргинализирани групи , лица/семејства погодени од несреќи и други елементарни непогоди и лица со посебни потреби

Основна цел на оваа активност е согласно надлежноста на општината во областа на социјалната заштита, утврдена во Законот на локална самоуправа („Службен весник на РМ" бр. 05/02), како и посебните законски и подзаконски акти во оваа област, општината да им излезе во пресрет на здравствено, финансиски или на друг начин загрозените лица (лица на кои им е потребна хируршка интервенција, тешко болни лица, приматели на терапија, самохрани родители, деца без родители и родителска грижа, семејство кое се нашло во положба на природна непогода , корисници на минимална социјална помош и лица без средства за егзистенција), кои имаат потреба од социјална заштита, превенција и помош. Паричната помош општината ја доделува врз основа на постапка уредена во Правилникот за утврдување на критериумите, условите и постапката за доделување на еднократна парична помош бр.09-334/1 од 23.02.2018 година и Правилникот за изменување и дополнување на Правилникот за утврдување на критериумите, условите и постапката за доделување на еднократна парична помош бр.09-1273/1 од 30.07.2020 година.

| **Активност** | **Предвидени средства** | **Извор на средствата** | **Одговорни за имплементација** | **Индикатори** |
|---|---|---|---|---|
| Еднократна парична помош за физички лица по основ материјална загрозеност , болничко лекување, елементарни непогоди и смртен случај) | **650.000 +персонален данок** | Буџет на Општина Делчево | Комисија за доделување на ЕПП<br><br>Сектор за финансиски прашања | Број/процент на мажи /жени кои добиле ЕПП<br><br>Сума која е исплатена и по кој основ |
| Хуманитарни пакети во храна и средства | **130.000 ден.** | Буџет на Општина | Општина Делчево | Број/процент на мажи /жени кои |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| за хигиена | | Делчево<br>Спонзорства и донации | Општествено одговорни компании | добиле хуманитарни пакети |
| Ревидирање на Правилниците и др.општи акти за доделување на парична помош | / | / | Одд.за правни и општи работи<br>Сектор за финансиски прашања | Број на ревидирани Правилници и др.општи/интерни акти |
| **ВКУПНО:** | **780.000 +персонален данок** | | | |

**6.2 Помош на невработени лица кои тешко се снаоѓаат на пазарот на трудот**

**Специфична цел:** 2.2.2 Развој на социјални мерки за невработените лица кои тешко се снаоѓаат на пазарот на трудот

Активноста за помош на невработените лица ќе се спроведува преку ангажирање на невработените лица во спроведување на Програмата за општинско корисна работа (ОКР) и Програмата за изведување на јавни работи. Програмите ќе се реализираат преку работно ангажирање на невработените лица евидентирани во Агенцијата за вработување, а кои им припаѓаат на ранливите групи на население, вклучувајќи ги и лицата корисници на право на гарантирана минимална помош (ГМП).

Ангажирањето на невработените лица за ОКР ќе биде со скратено работно време (20 работни часа седмично) во период од 6 или 9 месеци (при што за лицата даватели на социјални услуги кои поседуваат сертификат/уверение признаен од релевантните институции за стекнати вештини/ компетенции за занимања од социјалната и здравствената сфера, работниот ангажман ќе биде 9 месеци, а за лицата кои немаат сертификат/уверение признаен од релевантните институции работниот ангажман ќе биде 6 месеци по претходно задолжително завршување на обука во времетраење од 3 месеци спроведена од страна на верификуван спроведувач на обука за да се здобијат со соодветен признат сертификат/уверение за стекнати вештини/компетенции како давател на потребната услуга.

Вкупниот период на влученост на невработените лица преку програмата изнесува 9 месеци во кој влегува обуката и работниот ангажман.

Месечниот надомест ќе изнесува 9.000 денари за лице, со вклучен данок на личен доход и осигурување за инвалидност и телесно оштетување причинето со повреда на работа и професионална болест. На корисниците на паричен надоместок и на корисници на право на Гарантирана минимална помош, за времетраење на работно ангажирање ќе им биде активно претходно остварено право.

Право на учество во програмата имаат сите невработени лица, при што предност ќе имаат лицата кои за прв пат се јавуваат за учество во Програмата. Но, доколку во евиденцијата на АВРСМ, нема невработени лица со потребни квалификации и вештини, согласно барањата на ангажманот, тогаш ќе може да учествуваат и невработени лица кои и претходно учествувале во програмата. Доколку одобрените активности за нашата општина се однесуваат на обезбедување на услуги за деца со попреченост и возрасни лица со попреченост, поради специфичноста на услугата ќе биде овозможено грижата да ја дава истото лице што било претходно ангажирано.

За програмата за изведување на јавни работи ќе бидат ангажирани невработени лица за период од 9 месеци. Во сезонскиот период кога обемот на работните задачи за одржување на јавните зелени површини и јавните прометни површини (улици) е зголемен, подигање на нови и одржување на постоечките зелните површини во општината, како и изведување на активности на чистење на урбани и рурални средини,се јавува потреба од ангажирање на дополнителен број на работници во Јавното комунално претпријатие а кои се невработени и тешко се снаоѓаат на пазарот на трудот.

| **Активност** | **Предвидени средства** | **Извор на средствата** | **Одговорни за имплементација** | **Индикатори** |
|---|---|---|---|---|
| Ангажирање на невработени лица во Општинско корисна работа во 2022/23 | 9.000 ден.х 20 лица х 9 месеци<br>**1.620.000 денари** | 324.000 од Буџет на Општина Делчево<br>1.296.000 од УНДП | Одговорно лице за спроведување на ОКР<br>Сектор за финансиски прашања | Број на невработени мажи/жени ангажирани во ОКР |
| Ангажирање на невработени лица за изведување на Програмата за јавни работи | 10.000 ден.х10 лица х 1 месец<br>**100.000 денари** | Буџет на Општина Делчево | Одговорно лице за спроведување на Програмата за јавни работи<br>Сектор за финансиски прашања | Број на невработени мажи/жени ангажирани во јавни сезонски работи |
| **ВКУПНО:** | **1.720.000 ден.** | | | |

**16**

**6.3 ДЕТСКА ЗАШТИТА / Помош и грижа за децата од предучилишното образование и воспитание, ученици, студенти**

**Специфична цел:** 2.2.3 Обезбедување на помош и грижа за децата, учениците и студентите

Во областа на детската заштита и стимулативните мерки за ученици и студенти Општина Делчево обезбедува парична помош за секое новороденче во општината, паричен подарок за секое прваче, стипендии за учениците и студентите кои потекнуваат од социјално загрозени семејства , парични награди за ученици роми, наградно патување за најдобрите ученици, паричен подарок за секое прваче, инклузија на деца роми во ОЈУДГ Весели цветови, ослободување од партиципација за престој во ОЈУДГ за деца на самохрани родители и др . Стипендиите се доделуваат врз основа на објавување на Јавен повик објавен од страна на општината, а целата постапка е уредена во Одлуките за доделување на стипендии на ученици и студенти . Постаката за доделување на парична помош за секое новороденче е уредена во Правилникот за утврдување на критериумите, условите и постапката за доделување на еднократна парична помош бр.09-334/1 од 23.02.2018 година. Постапката за доделување на награди за 10 најдобри ученици од СОУ „М.М.Брицо„ Делчево, паричните награди за ученици роми и парична награда за секое прваче е уредена во Правилникот за начинот , условите, кретириумите и постапката за доделување на награди и признанија на Општина Делчево бр.09-166/1 од 30.01.2018 година. Инклузијата на деца роми во ОЈУДГ Весели цветови се врши согласно Договорот потпишан помеѓу Општина Делчево, МТСП и ОЈУДГ Весели цветови. Во оваа Програма се вклучени 15 деца од ромска националност. Ослободување од партиципација за престој во ОЈУДГ за деца на самохрани родители се врши согласно Правилникот на МТСП. За проширување на капацитетите на единствената установа за згрижување и воспитување на децата од предучилишна возраст , во 2023 година Општина Делчево планира изградба на детска градинка во населба Расадник со капацитет од 150 деца. Во с.Разловци отпочна со работа клон на градинката ОЈУДГ Весели цветови со капацитет од 20 деца.

**Детска заштита/ Помош и грижа за децата од предучилишното образование и воспитание**

| Исплата по основ | количина | Единечен износ | Вкупно | Извор на средствата | Индикатори |
|---|---|---|---|---|---|
| Парична помош за секое новороденче | 100 | 3.000 ден. | 300.000 ден. + персонален данок | Буџет на Општина Делчево | Број на поднесени барања за помошта Мажи/жени<br>Број на новородени машки и женски деца |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| Инклузија на деца роми во предучилишното образование | 15 деца x 10 месеци | 1.500 ден. | **225.000 ден.** | МТСП | Број на инклузирани машки и женски деца |
| Ослободување од партиципација за престој во ОЈУДГ за деца на самохрани родители | 10 x 10 месеци | 1.500 ден. | **150.000 ден.** | ОЈУДГ Весели цветови | Број на машки и женски деца кои ја искористиле мерката |
| Парична помош за секое згрижувачко семејство | 10 | 10.000 ден. | **100.000 ден.** | Буџет на Општина Делчево | Број на згрижувачки семејства и број на машки и женски згрижени деца |
| ВКУПНО: | | | 775.000 ден. | | |

**Детска заштита/ученички, студентски стипендии и награди**

| **Активности/Исплата по основ** | **количина** | **Единечен износ** | **Вкупно** | **Извор на средствата** | **Индикатори** |
|---|---|---|---|---|---|
| Ученички стипендии за учебна 2023 | 10 | 1.000x9 месеци | **90.000 ден. +** персонален данок | Буџет на Општина Делчево | Број на машки и женски ученици кои поднеле барање за стипендија<br><br>Број на машки и женски |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | 8 | 1.500x9 месеци | **108.000 ден.+** персонален данок | | ученици кои добиле стипендија |
| Студентски стипендии за домашните универзитети за студиската 2023 | 6<br><br>4 | 2.000x9 месеци<br><br>3.500x9 месеци | **108.000 ден.+** персонален данок<br><br>**126.000 ден.+** персонален данок | Буџет на Општина Делчево | Број на машки и женски студенти кои поднеле барање за стипендија<br><br>Број на машки и женски студенти кои добиле стипендија |
| Стипендии за првенците на генерацијата 2022/2023<br><br>(основни училишта) | 2 | 2.000x9 месеци | **36.000 ден.**+персонален данок | Буџет на Општина Делчево | Број на машки и женски ученици кои добиле стипендија |
| Стипендии за првенците на генерацијата 2022/2023<br><br>(средно училиште) | 1 | 3.000x 9 месеци | **27.000 ден.**+персонален данок | Буџет на Општина Делчево | Број на машки и женски ученици кои добиле стипендија |

**19**

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| Наградно патување за најдобрите ученици од СОУ „М.М.Брицо„ за 2023 или парична награда | 10 | 30.000 | **До 300.000 ден.** | Буџет на Општина Делчево | Број на машки и женски ученици кои добиле наградно патување |
| Парична награда за најдобриот ромски ученик<br><br>(средно и основно училиште) за 2023 | 3 | 1 x 10.000<br><br>2 x 5.000 | **20.000** ден.+персонален данок | Буџет на Општина Делчево | Број на машки и женски ученици кои добиле парична награда |
| Награда за ученици кои постигнале значајни резултати на државни и меѓународни натпревари | | | **60.000 ден. + персонален данок** | Буџет на Општина Делчево | Број на машки и женски ученици кои добиле награда |
| Награда за ученици за постигнати врвни спортски резултати | | | **60.000 ден.** | Буџет на Општина Делчево | Број на машки и женски ученици кои добиле парична награда |
| Парична награда за секое прваче | 120 | 3.000 ден. | **360.000 ден. + персонален данок** | Буџет на Општина Делчево | Број на машки и женски ученици кои добиле парична награда |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| Училишен прибор за ученици од социјално загрозени семејства | 120 | 1.000 ден. | 120.000 ден. | Буџет на Општина Делчево | Број на машки и женски ученици кои добиле училишен прибор |
| Новогодишни пакетчиња деца и ученици | 1500 | 150 ден. | 225.000 ден. | Општествено одговорни фирми<br><br>Хуманитарни организации | Број на машки и женски ученици кои добиле новогодишни пакетчиња |
| Садници за секое прваче | 120 | 100 ден. | 120.000 ден. | Буџет на Општина Делчево<br><br>Општествено одговорни фирми | |
| ВКУПНО | | | 1.660.000 ден. | | |

**6.4 СОЦИЈАЛНА ЗАШТИТА НА СТАРИ и изнемоштени лица, преку социјалната услуга помош и нега во домот**

**Специфична цел:** 2.2.4 Обезбедување мерки и услуги за старите лица

Бројот на пензионери на територијата на Општина Делчево е вкупно 3493 лица. Од нив 1743 се жени а 1750 мажи. Пензионерите во Делчево се организирани во Здружение на пензионери Делчево во кое здружение функционира и Клуб на пензионери. Здружението на пензионери реализира активности согласно нивната годишна програма, најчесто преку учество на членовите во организација на настани, културно забавни активности, креативни работилници и друго. Во Делчево нема Дом за згрижување на стари и изнемоштени лица а најблиску таков дом има во Берово кој е со ограничен капацитет. Голем дел од пензионерите секојдневно се соочуваат со проблеми од типот на осаменост, изолираност, потешкотии во извршувањето на секојдневните активности во домот.

Според последната евиденција на Здружението на пензионери најголем дел од пензионерите во Делчево се со ниски и просечни пензиски примања. 72 стари лица се без семејна грижа а 18 од нив се без никакви примања. Бројките се резултат на масовното иселување на

младите од општината, по што во многу семејства се останати  само стари, болни и изнемоштени лица, кои неможат за себе да си обезбедат основна социјална и здравствена грижа или неможат сами да ги обавувват основните потреби. Ваквата ситуација, особено влијае на опаѓање на квалитетот на животот на оваа ранлива група, а посебно ранливи се старите лица во руралните средини. Врз основа на повеќе истражувања и анализи спроведени од Општина Делчево а со помош на НВО и здравствените установи на подрачјето на нашата општина, се констатира следната состојба:

- Најголем дел од старите лица имаат пензија (лична, семејна, земјоделска), која им овозможува услови за скромен живот,
- Поголем дел живеат сами (вдовец/вдовица),
- Речиси сите имаат здравствени проблеми ( 90/% ревматски заболувања, 85% кардиоваскуларни заболувања, 38% дијабет и други заболувања),
- Одржувањето на личната хигиена и хигиената во домот , набавката и подготовката на храна им претставува тешкотија,
- За посета на лекар и набавка на лекарства во најголем дел се  зависни од друг,

Скоро кај сите преовладува чувството на осаменост, непотребност, отфрленост и страв од заболувања.

Од тие причини Општина Делчево превзема мерки и активности за пружање на помош и нега на старите и изнемоштените лица во домашни услови, преку тимови на невработени лица кои имаат сертификат за пружање на помош и нега во домот. Најмногу активности се реализирани преку учество на невработените лица во Програмата за општинско корисна работа-грижа за стари и изнемоштени лица. За таа цел Општина Делчево ќе ангажира  18 невработени лица , во времетраење од 9 месеци. Финансиската рамка на оваа активност е претставена во точка 6.2. во делот за ангажирање на невработени лица во Општинско корисна работа во 2022/23.

Кон крајот на 2022 година две невладини организации од Делчево, ОО на Црвен крст и ЗГ „Бравура кооператива„ влегуваат во завршна фаза за нивна сертификација како даватели на услуги за грижа и нега на стари лица во домот, преку мерката 7.2 – Обука и вработување на лица за обезбедување на услуги за грижа во заедницата. Мерката ќе обезбеди ангажирање на невработени лица од ранливите категории кои ќе пружаат услуги во домот на старите и изнемоштени лица кои имаат потреба од таква нега и услуги за лична асистенција.

Со тоа во голема мера ќе се подобрат услугите кои се пружаат на старите лица но сепак оваа социјална услуга нема во целост да ја замени потребата од отварање на дом за стари лица во Делчево.

**6.5. ПОМОШ И ГРИЖА ЗА ЛИЦА СО ПОСЕБНИ ПОТРЕБИ**

**Специфична цел:** 2.2.1 Остварување на социјална заштита на лица/семејства во социјален ризик, маргинализирани групи , лица/семејства погодени од несреќи и други елементарни непогоди и лица со посебни потреби

Програмата за социјална заштита на Општина Делчево за 2023 година опфаќа мерки и активности за грижа и заштита на лицата со посебни потреби/лицата со попреченост. Целите на овие мерки се гледаат првенствено во:

- Социјална вклученост на лицата со попреченост на пазарот на трудот преку обезбедување стекнување на одредени работни вештини и нивно работно ангажирање со скратено работно време ,
- Зголемување на понудата на социјални услуги согласно потребите на лицата со посебни потреби,
- Обезбедување на лични и образовни асистенти на децата со посебни потреби кои се вклучени во образовниот систем,
- Формирање на дата база на податоци лица со посебни потреби според видот и категоријата на која припаѓаат,
- Обезбедување пристапност на лицата со посебни потреби до јавните институции,
- Подигање на јавната свест на граѓаните за постоењето на посебните потреби на лицата со попреченост преку кампањи и заедничко прославување на датуми и настани.

Во 2021 година Општина Делчево во партнерска соработка со ЗГ „Бравура кооператива„ и ЈУ МЦСР Делчево, отпочна реализацијата на проектот за услуги во заедницата насловен како Клуб за социјална инклузија „Интегра" . Проектот Клуб за социјална инклузија „Интегра" е програма за вклучување на 12 лица со посебни потреби од Општина Делчево, во организирана форма на услуга за рехабилитација, професионална ориентација и социјализација , во рамките на Дневен центар за лица со посебни потреби Делчево. Причините за потребата од проектот Клуб за социјална инклузија „Интегра" е отсуството на институционални и други алтернативни форми на услуги за возрасни лица со посебни потреби во Општина Делчево. Проектот е базиран на приоритетите од Акцискиот план за социјална заштита на Општина Делчево во делот за маргинализирани групи. За овој проект ангажирани се вкупно 5 невработени лица( 2 дефектолози- жени, 1 психолог-жена, 1 негователка на лица со посебни потреби –жена и 1 работен терапевт – маж). Крајните корисници од овој проект се 12 лица со посебни потреби од кои 7 се мажи и 5 жени. Преку Општинско корисна работа во Дневниот центар е ангажирано и 1 лице со посебни потреби , кое ќе има работен ангажман од 9 месеци.

Преку програмата Општинско корисна работа до 2020 година, Општина Делчево ангажираше невработени лица од образовните профили, кои беа ангажирани како образовни и лични асистенти на децата со попреченост кои се вклучени во образовниот систем. Од 2021 година оваа активност ја презема МОН и училиштата. Воведување на социјалната услуга – лични односно образовни асистенти ќе се одвива преку активности на воспитно- образована дејност за деца со попреченост , деца од материјално необезбедени семејства, социјално исклучени и останати категории граѓани семејства. Ангажираните лични односно образовни асистенти за крајни корисници ќе ги имаат децата со посебни потреби односно ученици кои покажуваат послаб резултат во школувањето и тоа во ООУ „"Св. Климент Охридски" , ООУ „Ванчо Прке и СОУ„ Методи Митевски-Брицо" . Со помош на образовните асистенти, кои имаат завршено високо образование од образовните струки, а се невработени, овој проблем ќе се надмине, ќе се олесни пристапот на учениците кон новите знаења, ќе се подобри успехот и ќе се надмине дел од нередовноста на самите ученици.

Општина Делчево преку низа настани и прослави работи на подигање на јавната свест на граѓаните за постоењето на посебните потреби на лицата со попреченост со организирање на кампањи и заедничко прославување на датуми и настани:
20 Февруари – светски ден на социјалните права,
28 Февруари – ден на ретките болести
21 Март – светски ден на лицата со даунов синдром
02 Април – светски ден на аутизмот
19 Август – светски ден на хуманоста
10 Октомври – светски ден на менталното здравје
15 Октомври – меѓународен ден на белиот стап
03 Декември – меѓународен ден на лицата со попреченост

| **Активност** | **Предвидени средства** | **Извор на средствата** | **Одговорни за имплементација** | **Индикатори** |
|---|---|---|---|---|
| Стекнување на работни вештини на лицата со посебни потреби преку проектот „ Клуб за социјална инклузија ИНТЕГРА„ | **2.345.954 ден.** | МТСП преку проект | Општина Делчево<br><br>ЗГ„Бравура кооператива„ | Број на машки и женски лица со посебни потреби кои се стекнале со работни вештини |
| Лични/образовни асистенти на ученици со посебни потреби | **Според платен список во училиштата** | МОН | Училишта<br><br>МОН<br><br>Општина Делчево<br><br>Лиценцирани провајдери | Број на машки и женски лични/образовни асистенти вклучени во програмата<br><br>Број на машки и женски ученици кои ја користеле услугата од личните/образовните асистенти |

**24**

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| Изградба на пристапни рампи во јавните институции | 100.000 ден. | Општина Делчево<br>Јавни/државни институции | Општина Делчево<br>Јавни/државни институции | Број на поставени пристапни рампи<br>Број на иснтитуции каде се поставени рампите<br>Број на мажи и жени кои ги користат рампите |
| Чествување на настани посветени на лицата со посебни потреби | 100.000 ден. | Општина Делчево<br>НВО<br>Спонзорства /донации<br>Опшествено одговорни фирми | Општина Делчево<br>НВО<br>Дневен центар за лица со посебни потреби | Број на мажи и жени вклучени во организацијата на настаните<br>Број на мажи и жени кои присуствуваа на настаните |
| Формирање на дата база на податоци на лица со посебни потреби | / | / | Општина Делчево<br>НВО<br>Дневен центар за лица со посебни потреби<br>ЈУ МЦСР | Број на мажи/жени лица со посебни потреби по категории |
| Хуманитарни пакети за лица со посебни | 30.000 ден. | Општина Делчево | Општина Делчево | Број на мажи /жени лица со посебни потреби кои добиле |

25

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| потреби | | НВО<br>Спонзорства /донации<br>Општествено одговорни фирми | НВО<br>Дневен центар за лица со посебни потреби | хуманитарни пакети |
| ВКУПНО: | 2.575.954 ден. | | | |

**Табеларен приказ на Програмата за социјална заштита за 2023 година, по ставки:**

| Ред.бр. | Активност | Период на реализација во 2023 | Предвидени средства во денари | Ставка од Буџетот |
|---|---|---|---|---|
| 1. | **Парична помош и обезбедување на посебни мерки и услуги за социјална превенција и заштита за одредени категории на лица** | Континуирано во текот на целата година | 780.000 | 471160 |
| 2. | **Помош на невработени лица кои тешко се снаоѓаат на пазарот на трудот Општинско корисна работа и јавни работи за невработените лица** | Од Јануари до Ноември 2023 | 1.720.000 | 425990 |
| 3. | **Помош и грижа за лица со посебни потреби** | Континуирано во текот на целата година | 2.575.954 | 471410 |
| 4. | **Детска заштита/ Помош и грижа за децата од предучилишното** | Континуирано во текот на целата година | 775.000 | 471230 |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | образование и воспитание | | | |
| 5. | Детска заштита/ученички, студентски стипендии и награди | Од Јануари до Септември 2023 | 1.660.000 | 471230<br>464990<br>464110<br>464120 |
| | | ВКУПНО: | 7.510.954 | |
| | Од Буџет на општината | ВКУПНО: | 3.269.000 | |

7. Потребни капацитети за нови социјални услуги:

| Нова услуга | Форма | Инфраструктура (постоечки, во изградба, потребна реконструкција, потребна адаптација, нема) и опрема | Капацитет/опфат (број на корисници, површина, територија, итн? | Потребни финансиски средства | Извори на финасирање или начин на прибирање на потребните финасиски средства | Планирана соработка со: | Време/период на реализација: |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Услуга во домот | Помош и нега во домот | Обезбедување на простор за воспоставување и испорака на услугата | Територија за општина Делчево (урбана и рурална средина)<br>Број на опфатени корисници 72 стари лица без семејна грижа и месечни примања | 72 корисници x 289 ден од час по корисник x 24 месеци 39 951 360 ден. | -Општина Делчево<br>-Здруженија на граѓани-лиценцирани даватели на социјалната услуга<br>-МТСП | - Општина Делчево<br>- Здруженија на граѓани-лиценцирани даватели на | 2023-2025 |

27

| | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | | | -Други донатори | социјалната услуга<br>- МТСП<br>- Други донатори | |
| Услуга во домот | Лична асистенција | Обезбедување на простор за воспоставување и испорака на услугата | Територија за општина Делчево (урбана и рурална средина)<br>Број на офатени коорисници 8 лица | 8 корисници x 269 ден од час по корисник x 24 месеци<br>4 131 840 ден. | -Општина Делчево<br>-Здруженија на граѓани-лиценцирани даватели на социјалната услуга<br>-МТСП<br>-Други донатори | - Општина Делчево<br>- Здруженија на граѓани-лиценцирани даватели на социјалната услуга<br>- МТСП<br>- Други донатори | 2023-2025 |
| Услуга во заедницата | Услуга за дневен престој за стари лица | - Реконструкција и адаптација на постоечки простор<br>- Набавка на потребна опрема согласно правилникот за исполнување на нормативите и стандардите | Територија за општина Делчево (урбана и рурална средина)<br>Број на опфатени корисници 12 | 12 корисници x ден од корисник по x 24 месеци x 11 217 ден. месечно<br>3 230 496 ден. | -Општина Делчево<br>-Здруженија на граѓани-лиценцирани даватели на социјалната услуга<br>-МТСП<br>-Други донатори | - Општина Делчево<br>- Здруженија на граѓани-лиценцирани даватели на социјалната услуга<br>- МТСП | 2023-2025 |

| | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | | | | - Други донатори | |
| Услуга за вон-семејна заштита | Сместување во установа (Дом за стари лица) | Изградба или реконструкција и адаптација на руинирана зграда | Број на офатени корисници 26 лица кои се на листа на чекање во домовите за стари лица во РСМ | Потребен буџет за реконструкција и адаптација | -МТСП<br>-Општина Делчево<br>-Други донатори | - Општина Делчево<br>- Здруженија на граѓани-лиценцирани даватели на социјалната услуга<br>- МТСП<br>- Други донатори | 2023-2025 |
| Услуга за стручна помош и поддршка | Услуги за советување за малолетничка деликвенција, консумирање на дрога, психотропни супстанции и алкохол | Обезбедување на простор за воспоставување и испорака на услугата | Број на опфатени корисници | 265 ден. за индивидуално советување по корисник дневно<br>169 ден. За групно советување дневно | -Општина Делчево<br>-Здруженија на граѓани-лиценцирани даватели на социјалната услуга<br>-МТСП<br>-Други донатори | - Општина Делчево<br>- Здруженија на граѓани-лиценцирани даватели на социјалната услуга<br>- МТСП<br>- Други донатори | 2023-2025 |

**8.ФИНАНСИРАЊЕ**

Финансирањето на активностите утврдени со оваа Програма ќе биде обезбедено од проекти/донации и средства од Буџетот на Општина Делчево .

За активностите од областите, што не ги опфаќа Програмата, а кои со својата актуелност, квалитет и општествен интерес ќе се појават дополнително во текот на 2023 година, ќе бидат предвидени дополнителни финансиски средства во Буџетот на Општина Делчево.

**9. ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ**

Предлагач на Програмата е Градоначалникот на Општина Делчево.

Реализацијата и следењето на активностите од оваа Програма ќе се одвива преку Одделението за правни и општи работи и јавни дејности при Општина Делчево, а надзорот на спроведувањето ќе го врши Комисијата за јавни дејности и Советот за социјална заштита на Општина Делчево.

Програмата влегува во сила по нејзиното донесување од страна на Советот на Општина Делчево односно осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Делчево".

**СОВЕТ НА ОПШТИНА ДЕЛЧЕВО**

**Бр.09- 464/1**
**24.02.2023 година**

**Претседател**
**Гоце Попов,с.р.**

**2.** Врз основа на член 36 став 1 точка 7 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/2002), Советот на Општина Делчево, на својата 19. редовна седница, одржана на ден 24 .02.2023 година, донесе

**ЗАКЛУЧОК**
**за усвојување на Кварталниот извештај**
**за извршувањето на Буџетот на општина Делчево**
**за периодот 01.01.2022 до 31.12.2022**

1. Се усвојува Кварталниот извештај за извршувањето на Буџетот на општина Делчево за периодот 01.01.2022 до 31.12.2022.

2. Заклучокот влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Сл.гласник на Општина Делчево“.

**Број 09- 465/1** — **СОВЕТ НА ОПШТИНА ДЕЛЧЕВО**
**24. 02. 2023 год.** — **Претседател,**
**Д е л ч е в о** — **Гоце Попов,с.р.**

3.
Врз основа на член 26 став 6 од Законот за експропријација („Службен весник на РМ“ ) бр.131/12, бр.24/13, бр.27/14, 104/15, бр.192/15, бр.23/16, бр.178/16, Советот на Општина Делчево, на 19. седница, одржана на 24.02.2023 година, донесе

**ОДЛУКА**
**за резервирани средства за надомест за одземен имот во**
**Буџетот на Општина Делчево за 2023 година**

Член 1

Советот на општина Делчево донесува Одлука за резервирани средства за надомест за одземен имот во Буџетот на Општина Делчево за 2023 година во износ од 1.500.000 денари.

Член 2

Оваа Одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во ,,Службен гласник на општина Делчево“.

**Бр.09- 466/1** — **СОВЕТ НА ОПШТИНА ДЕЛЧЕВО**
**24.02.2023** — **Претседател,**
**Делчево** — **Гоце Попов,с.р.**

4. Врз основа на член 36 став 1 точка 10 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ бр.5/2002), членот 3 став 2 од Законот за користење и располагање со стварите во државна сопственост и со стварите во општинска сопственост(„Службен весник на Република Македонија“ број 78/15, 106/15, 153/15, 190/16 и 21/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 101/19, 275/19 и 122/21), и член 22 став 1 точка 35 од Статутот на Општина Делчево („Службен гласник на Општина Делчево “ број 15/2013 и 2/2019), Советот на Општина Делчево на својата 19. седница, одржана на ден 24 .02.2023 година, донесе

## О Д Л У К А

**за давање на времено користење движна ствар- моторно возило на Јавното комунално претпријатие БРЕГАЛНИЦА Делчево**

Член 1

Со оваа Одлука на Јавното комунално претпријатие БРЕГАЛНИЦА Делчево се дава на времено користење моторно возило-пикап тип на модел VOLKSWAGEN2KN/BBCAYEX01/ CADDY; број на шасија: WV1ZZZ2KZCX079345, година на производство 2012 година; категоријана возило N1 товарно; зафатнина на моторот 1598 cm3; сила на моторот 55kw; вид на гориво-дизел; маса на возило 1494 кг; должина на возило 4406 мм; висина на возило 1823 мм; ширина на возило 1794 мм; капацитет на резервоар 70 l; носивост 665 kg; бела боја на возилото со регистарски ознаки DE 7479 AB.

Член 2

Движната ствар од член 1 на оваа одлука се дава на времено користење без надомест за службени потреби и извршување на надлежностите на претпријатието.

Член 3

Трошоците за користење и одржувањето на возилото од член 1 на оваа Одлука вклучително и сервисирање, осигурување и регистрација, паѓа на товар на Јавното комунално претпријатие БРЕГАЛНИЦА Делчево.

Член 4

Оваа Одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во Службен гласник на Општина Делчево.

**Бр. 09 -467/1**
**24.02.2023 година**
**Делчево**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА ДЕЛЧЕВО**
**Претседател**
**Гоце Попов** ,с.р.

5. Врз основа на член 50 точка 6 и член 62 точка 1 од Законот за локална самоуправа ("Сл.весник на РМ" број 5/02) и член 2 од Правилникот за вклопување на бесправни објекти во урбанистичко планска документација ("Сл.весник на РМ" број 56/11,162/12), како и Законот за постапување со бесправно изградени објекти (Сл.В. 23/11, 54/11, 155/12, 56/13, 72/13, 44/14 115/14, 99/14, 124/15, 129/15, 217/15 ,31/16 и 190/17 ) Советот на Општина Делчево, на својата 19. редовна седница, одржана на ден 24.02.2023 година донесе

**ОДЛУКА**

**за утврдување на потребата од донесување на Урбанистичко планска документација за бесправно изграден објект надвор од плански опфат**

**Објект викенд куќа згр. Бр. 1 –по барање на Олга Ѓеоргиевска**

Член 1

Се утврдува потреба од донесување на Урбанистичко планска документација со која ке се изврши проширување на планскиот опфат и вклопување на бесправните објекти а во врска со поднесеното барање за утврдување на правен статус на бесправен објект број уп I бр. 12-**30** од **20.04.2011** година, од страна на **Олга Ѓеоргиевска ул.„Пиринска бр.12" - Делчево** за бесправно изграден објект , **Објект викенд куќа –** означен во елаборат како зг рада бр. **1** изграден на **КП бр. 1852/6 КО Делчево** запишана во имотен лист бр. **1859** и кој бесправен објект е надвор од урбанистички плански опфат .

Член 2

Со цел вклопување на бесправно изградениот објект од член 1, ќе се изработи и донесе урбанистичко планска документација согласно Законот за просторно и урбанистичко планирање.

Член 3

Оваа одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во "Службен гласник на Општина Делчево".

**Број 09-468/1** — **СОВЕТ НА ОПШТИНА ДЕЛЧЕВО**
**24.02.2023 година** — **Претседател**
**Делчево** — **Гоце Попов,с.р.**

6. Врз основа на член 50 точка 6 и член 62 точка 1 од Законот за локална самоуправа ("Сл.весник на РМ" број 5/02) и член 2 од Правилникот за вклопување на бесправни објекти во урбанистичко планска документација ("Сл.весник на РМ" број 56/11,162/12), како и Законот за постапување со бесправно изградени објекти (Сл.В. 23/11, 54/11, 155/12, 56/13, 72/13, 44/14 115/14, 99/14, 124/15, 129/15, 217/15 ,31/16 и 190/17 ) Советот на Општина Делчево, на својата 19. редовна седница, одржана на ден 24.02.2023 година донесе

**ОДЛУКА**

**за утврдување на потребата од донесување на Урбанистичко планска документација за бесправно изграден објект надвор од плански опфат**

**Објект помошен објект згр. Бр. 2 –по барање на Олга Ѓеоргиевска**

Член 1

Се утврдува потреба од донесување на Урбанистичко планска документација со која ке се изврши проширување на планскиот опфат и вклопување на бесправните објекти а во врска со поднесеното барање за утврдување на правен статус на бесправен објект број уп I бр. 12-**30** од **20.04.2011** година, од страна на **Олга Ѓеоргиевска ул.„Пиринска бр.12“ - Делчево** за бесправно изграден објект , **Објект помошен објект –** означен во елаборат како зг рада бр. **2** изграден на **КП бр**. **1852/6 КО Делчево** запишана во имотен лист бр. **1859** и кој бесправен објект е надвор од урбанистички плански опфат .

Член 2

Со цел вклопување на бесправно изградениот објект од член 1, ќе се изработи и донесе урбанистичко планска документација согласно Законот за просторно и урбанистичко планирање.

Член 3

Оваа одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во “Службен гласник на Општина Делчево“.

Број 09-469/1 СОВЕТ НА ОПШТИНА ДЕЛЧЕВО
24.02.2023 година Претседател
Делчево Гоце Попов,с.р.

**7.** Врз основа на член 50 точка 6 и член 62 точка 1 од Законот за локална самоуправа (“Сл.весник на РМ“ број 5/02) и член 2 од Правилникот за вклопување на бесправни објекти во урбанистичко планска документација (“Сл.весник на РМ“ број 56/11,162/12), како и Законот за постапување со бесправно изградени објекти (Сл.В. 23/11, 54/11, 155/12, 56/13, 72/13, 44/14 115/14, 99/14, 124/15, 129/15, 217/15 ,31/16 и 190/17 ) Советот на Општина Делчево, на својата 19. редовна седница, одржана на ден 24.02.2023 година донесе

## ОДЛУКА
## за утврдување на потребата од донесување на Урбанистичко планска документација за бесправно изграден објект надвор од плански опфат
## Објект станбена куќа згр. бр. 1 –по барање на Горан Ковачки

Член 1

Се утврдува потреба од донесување на Урбанистичко планска документација со која ке се изврши проширување на планскиот опфат и вклопување на бесправните објекти а во врска со поднесеното барање за утврдување на правен статус на бесправен објект број уп I бр. 12-**217** од **31.08.2018** година, од страна на **Горан Ковачки од с.Вирче – Делчево** за бесправно изграден објект, **Објект станбена куќа –** означен во елаборат како зграда бр. **1** изграден на **КП бр**. **2370 КО Вирче** запишана во имотен лист бр. **374** и кој бесправен објект е надвор од урбанистички плански опфат.

Член 2

Со цел вклопување на бесправно изградениот објект од член 1, ќе се изработи и донесе урбанистичко планска документација согласно Законот за просторно и урбанистичко планирање.

Член 3

Оваа одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во “Службен гласник на Општина Делчево“.

Број 09-470/1 — СОВЕТ НА ОПШТИНА ДЕЛЧЕВО
24.02.2023 година — Претседател,
Делчево — Гоце Попов,с.р.

8.

Врз основа на член 50 точка 6 и член 62 точка 1 од Законот за локална самоуправа (“Сл.весник на РМ“ број 5/02) и член 2 од Правилникот за вклопување на бесправни објекти во урбанистичко планска документација (“Сл.весник на РМ“ број 56/11,162/12), како и Законот за постапување со бесправно изградени објекти (Сл.В. 23/11, 54/11, 155/12, 56/13, 72/13, 44/14 115/14, 99/14, 124/15, 129/15, 217/15 ,31/16 и 190/17 ) Советот на Општина Делчево, на својата 15. редовна седница, одржана на ден 24.02.2023 година донесе

ОДЛУКА
за утврдување на потребата од донесување на Урбанистичко планска документација за бесправно изграден објект надвор од плански опфат
Објект станбена куќа згр. бр. 1 –по барање на Ванчо Ковачки

Член 1

Се утврдува потреба од донесување на Урбанистичко планска документација со која ке се изврши проширување на планскиот опфат и вклопување на бесправните објекти а во врска со поднесеното барање за утврдување на правен статус на бесправен објект број уп I бр. 12-**218** од **31.08.2018** година, од страна на **Ванчо Ковачки од с.Вирче – Делчево** за бесправно изграден објект, **Објект станбена куќа –** означен во елаборат како зграда бр. **1** изграден на **КП бр. 2370 КО Вирче** запишана во имотен лист бр. **374** и кој бесправен објект е надвор од урбанистички плански опфат.

Член 2

Со цел вклопување на бесправно изградениот објект од член 1, ќе се изработи и донесе урбанистичко планска документација согласно Законот за просторно и урбанистичко планирање.

Член 3

Оваа одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во “Службен гласник на Општина Делчево“.

Број 09-471/1 — СОВЕТ НА ОПШТИНА ДЕЛЧЕВО
24.02.2023 година — Претседател,
Делчево — Гоце Попов,с.р.

**9.** Врз основа на член 50 точка 6 и член 62 точка 1 од Законот за локална самоуправа ("Сл.весник на РМ" број 5/02) и член 2 од Правилникот за вклопување на бесправни објекти во урбанистичко планска документација ("Сл.весник на РМ" број 56/11,162/12), како и Законот за постапување со бесправно изградени објекти (Сл.В. 23/11, 54/11, 155/12, 56/13, 72/13, 44/14 115/14, 99/14, 124/15, 129/15, 217/15 ,31/16 и 190/17 ) Советот на Општина Делчево, на својата 19. редовна седница, одржана на ден 24.02.2023 година донесе

**ОДЛУКА**
**за утврдување на потребата од донесување на Урбанистичко планска документација за бесправно изграден објект надвор од плански опфат**
**Објект за викенд куќа згр. бр. 1 –по барање на Игорчо Митев**

Член 1

Се утврдува потреба од донесување на Урбанистичко планска документација со која ке се изврши проширување на планскиот опфат и вклопување на бесправните објекти а во врска со поднесеното барање за утврдување на правен статус на бесправен објект број уп I бр. 12-**2429** од **03.09.2011** година, од страна на **Игорчо Митев с.Звегор - Делчево** за бесправно изграден објект, **Објект викенд куќа –** означен во елаборат како зграда бр. **1** изграден на **КП бр. 5226 КО Звегор** запишана во имотен лист бр.**74** и кој бесправен објект е надвор од урбанистички плански опфат .

Член 2

Со цел вклопување на бесправно изградениот објект од член 1, ќе се изработи и донесе урбанистичко планска документација согласно Законот за просторно и урбанистичко планирање.

Член 3

Оваа одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во "Службен гласник на Општина Делчево".

**Број 09-472/1** — **СОВЕТ НА ОПШТИНА ДЕЛЧЕВО**
**24.02.2023 година** — **Претседател,**
**Делчево** — **Гоце Попов,с.р.**

**10.** Врз основа на член 50 точка 6 и член 62 точка 1 од Законот за локална самоуправа ("Сл.весник на РМ" број 5/02) и член 2 од Правилникот за вклопување на бесправни објекти во урбанистичко планска документација ("Сл.весник на РМ" број 56/11,162/12), како и Законот за постапување со бесправно изградени објекти (Сл.В. 23/11, 54/11, 155/12, 56/13, 72/13, 44/14 115/14, 99/14, 124/15, 129/15, 217/15 ,31/16 и 190/17 ) Советот на Општина Делчево, на својата 19. редовна седница, одржана на ден 24.02.2023 година донесе

**ОДЛУКА**
**за утврдување на потребата од донесување на Урбанистичко планска документација за бесправно изграден објект надвор од плански опфат**

**Објект помошен објект во земјоделството згр. бр. 1 –по барање на Горги Цеков**

Член 1

Се утврдува потреба од донесување на Урбанистичко планска документација со која ке се изврши проширување на планскиот опфат и вклопување на бесправните објекти а во врска со поднесеното барање за утврдување на правен статус на бесправен објект број уп I бр. 12-**325** од **13.12.2018** година, од страна на **Горги Цеков ул.„Острец“ бр.50 - Делчево** за бесправно изграден објект, **Објект помошен објект во земјоделството –** означен во елаборат како зграда бр. **1** изграден на **КП бр**. **3081 КО Делчево** запишана во имотен лист бр.**3269** и кој бесправен објект е надвор од урбанистички плански опфат .

Член 2

Со цел вклопување на бесправно изградениот објект од член 1, ќе се изработи и донесе урбанистичко планска документација согласно Законот за просторно и урбанистичко планирање.

Член 3

Оваа одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во "Службен гласник на Општина Делчево".

**Број 09-473/1** — **СОВЕТ НА ОПШТИНА ДЕЛЧЕВО**
**24.02.2023 година** — **Претседател,**
**Делчево** — **Гоце Попов,с.р.**

**11.**

Врз основа на член 50 точка 6 и член 62 точка 1 од Законот за локална самоуправа ("Сл.весник на РМ" број 5/02) и член 2 од Правилникот за вклопување на бесправни објекти во урбанистичко планска документација ("Сл.весник на РМ" број 56/11,162/12), како и Законот за постапување со бесправно изградени објекти (Сл.В. 23/11, 54/11, 155/12, 56/13, 72/13, 44/14 115/14, 99/14, 124/15, 129/15, 217/15 ,31/16 и 190/17 ) Советот на Општина Делчево, на својата 19. редовна седница, одржана на ден 24.02.2023 година донесе

**ОДЛУКА**

**за утврдување на потребата од донесување на Урбанистичко планска документација за бесправно изграден објект надвор од плански опфат**

**Објект за селско стопанство згр. бр. 1 –по барање на Боре Гоцевски**

Член 1

Се утврдува потреба од донесување на Урбанистичко планска документација со која ке се изврши проширување на планскиот опфат и вклопување на бесправните објекти а во врска со поднесеното барање за утврдување на правен статус на бесправен објект број уп I бр. 12-**926** од **23.08.2011** година, од страна на **Боре Гоцевски с.Звегор - Делчево** за бесправно изграден објект, **Објект за селско стопанство –** означен во елаборат како зграда бр. **1** изграден на **КП бр**. **5009 КО Звегор** запишана во имотен лист бр.**74** и кој бесправен објект е надвор од урбанистички плански опфат .

Член 2

Со цел вклопување на бесправно изградениот објект од член 1, ќе се изработи и донесе урбанистичко планска документација согласно Законот за просторно и урбанистичко планирање.

Член 3

Оваа одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во "Службен гласник на Општина Делчево".

**Број 09-474/1** **СОВЕТ НА ОПШТИНА ДЕЛЧЕВО**
**24.02.2023 година** **Претседател,**
**Делчево** **Гоце Попов,с.р.**

12.

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална смаоуправа („Службен Весник на РМ" бр. 5/02), член 14 став 1 и став 2 од Законот за еднакви можности на мажите и жените – пречистен текст („Службен Весник на РМ" бр.201/2015) и член 37 од Статутот на Општина Делчево („Службен Гласник на Општина Делчево" бр. 15/2013), Советот на Општина Делчево, на 19 редовна седница, одржана на ден 24.02.2023 година, донесе

**ПРОГРАМА**
**на еднакви можности на жените и мажите на Општина Делчево и работа на КЕМ**
**за 2023 година**

1. ВОВЕД

Родовата рамноправност во Република Северна Македонија, е загарантирана со Уставот од 1991 година и како фундаментално човеково право претставува една од најважните цели и приоритети за државата. Покрај Уставот, родовата рамноправност е предвидена и регулирана и во други законски прописи и меѓународни договори кои претставуваат составен дел од нашиот правен поредок :

- Декларација за правата на човекот (1948 год.)
- Меѓународна конвенција за политички права на жените – еднакви права за двата пола (1952 год.)
- CEDAW Конвенција на ООН- Конвенција за елиминација на сите форми на дискриминација на жената (1979 год.)
- Пекиншката декларација и платформата за акција –рамноправност , развој и мир (1995 год.)
- Европската повелба за еднаквост помеѓу мажите и жените (2006г.). Општина Делчево ја потпиша на 8 Март 2018 година
- Член 9, Устав на Република Македонија/ граѓаните на Република Македонија се еднакви во слободите и правата независно од полот, расата, бојата на кожата, националното и социјалното потекло, политичкото и верското уверување, имотната и општествената положба;
- Истанбулската конвенција – конвенција на Советот на Европа за спречување и борба против насилството врз жените и домашното насилство,
- Закон за еднакви можности на жените и мажите, пречистен текст / („Службен весник на РСМ" бр. 201/2015)
- Закон за заштита од вознемирување на работно место / Службен весник на РСМ,бр. 2013
- Закон за спречување и заштита од насилство врз жените и семејното насилство /Службен весник на РСМ 24/21
- Закон за спречување и заштита од дискриминација / Службен весник на РСМ 258/20

- Стратегијата за родова еднаквост на Р.С. Македонија
- Националниот план за акција за родова рамноправност

Оваа Програма е усогласена со националните законски и стратешки определби, како и со стратешките определби на Општина Делчево предвидени во Стратегијата за родова еднаквост на регионот Делчево, Берово и Пехчево за период 2023-2026 (Сл.гласник број 09-2710/1 од 26.12.2022 година и Акцискиот план за имплементација на регионалната стратегија за родова еднаквост на Општина Делчево (Сл.гласник број 09-27/01 од 26.12.2022 г.)

## 2. ПРИОРИТЕТНИ ОБЛАСТИ НА ДЕЛУВАЊЕ

1. Човекови права и родова еднаквост во рамки на под-областите а) политика, б) родово базирано насилство и в) економија;
2. Партиципација во креирање и имплементација на локални и јавни политики;
3. Едукација и јакнење на капацитетите за родова еднаквост и родова сензибилизација на КЕМ, локалните институции, граѓанското општество и целокупното население;
4. Вклучување на родовата перспектива во јавните политики кои се носат на локално ниво за ублажување на ефектите од климатските промени и енергетската криза.
5. Здравство

## СТРАТЕШКИ ПРИОРИТЕТИ И ЦЕЛИ

СТРАТЕШКИ ПРИОРИТЕТ 1: Човекови права и родова еднаквост во рамки на под-областите а) политика, б) родово базирано насилство и в) економија;

### ЦЕЛ 1.1Зголемено учество на жените во Советите и комисиите на општините, во управните одбори и извршните раководни позиции на локалните институции;

Мерки:

- Воведување на систем за собирање родово разделени податоци во сите области од работењето на општините и во самите општини и институции основани и во надлежност од нив
- Создавање внатрешна процедура за задолжително разгледување на програмите на оптините од страна на КЕМ во насока на нивна родова сензибилизација

### ЦЕЛ 1.2: Зголемување на довербата кај граѓаните во надлежните институции во однос на родово базирано насилство;

Мерки:

- Подигнување на свеста за родово базирано насилство преку локални кампањи, трибини и учество на сите засегнати страни
- Обезбедување за континуирано функционирање на сервис за бесплатна правна помош на жртвите на родово базирано насилство

- Обезбедување на просторија за 24h згрижување на жртви од семејно насилство
- Истражување на бројот на жртви од родово насилство

ЦЕЛ 1.3: Економско јакнење и повисок степен на искористување на економските права и можности на жените од општина Делчево;

Мерки:

- Афирмација на можностите за самовработување во областа на земјоделството, преку поттикнување на женското претприемништво и подобрување на информираноста и пристапот на жените до програмите на АФПЗРР и ИПАРД фондовите
- Поддршка во подобрувањето на претприемничките вештини на млади, жени и ранливи групи за започнување сопствен бизнис и самобвработување преку обуки
- Здружување на производители и собирачи на производи преку детекција на заинтересирани страни и едукативни работилници

ОЧЕКУВАНИ РЕЗУЛТАТИ:

- Зголемен број за 10% на жени советнички, членки на комисии, управни и надзорни органи во локални институции до крајот на 2026 година преку имплементација на едукативни работилници за родово сензибилизирање на раководните структури
- Навремено препознавање и соодветна реакција на формите на родово базирано насилство во општина Делчево
- Вклучени најмалку 100 жени на годишно ниво во едукативни настани и активности /трибини, едукативни работилници/ за запознавање со заштитните механизми што ги нуди домашното законодавство за превенција и заштита од родово базирано насилство
- Вклучување и информирање за можностите на најмалку 50% од бројот на невработени жени од општина Делчево во програмите и мерките на АВРМ до крајот на 2023 година

СТРАТЕШКИ ПРИОРИТЕТ 2: Партиципација во креирање и имплементација на локални и јавни политики

ЦЕЛ: 2.1 Активација на локалните административни единици (месни и урбани заедници)заради создавање на услови за учество на жените од маргинализираните групи и руралните средини во процеси за креирање и имплементирање на локални јавни политики.

Мерки:

- Активно работење на месните заедници во руралните средини во кои ќе бидат вклучени повеќе жени кои ќе придонесат за развој на руралните средини.
- Формирање на повеќе клубови или здруженија во кои ќе бидат опфатени жени од руралните средини, но и од урбаните средини.
- Обезбедување превоз во микро регион

ОЧЕКУВАНИ РЕЗУЛТАТИ:

- Создадени услови за поголемо вклучување на жените, посебно од руралните средини и маргинализирани групи за нивно активно вклучување во процесите на креирање и имплементирање на локални јавни политики

**СТРАТЕШКИ ПРИОРИТЕТ 3: Едукација и јакнење на капацитетите за родовата еднаквост и родова сензибилизација на КЕМ, локалните институции, граѓанското општество и целокупното население**

**ЦЕЛ 3.1 Родова сензибилизација на наставниот кадар од општинските основни и средни училишта заради личен пример и индиректна едукација на учениците**

- Едукација на вработените во локалните институции за навремено препознавање на формите на родово базирано насилство во општина Делчево
- Со едукација до родова сензибилизација на наставниот кадар од општинските основни и средни училишта од регионот заради давање на личен пример и индиректна едукација на учениците
- Кампања за поголемо вклучување на девојчињара за стекнување повисок степен на образование

**ЦЕЛ 3.2 Зајакната свест на граѓаните за родовата еднаквост**

- Подигнување на свеста за родовата еднаквост преку локални кампањи, трибини и учество на сите засегнати страни

**ЦЕЛ 3.3 Функционалност на Комисијата за еднакви можности од Делчево,**

- Размена на информации и искуства со повеќе општини од државата, но и вмрежување со други од Европа и Балканот, со цел споделување на нивни искуства кои можеме да ги примениме во нашата општина , барем двапати годишно.
- Поголема соработка на институциите на локално ниво со невладини организации.(Едукација, партнерски проекти, меѓугранична соработка, споделување знаења и искуства)

**ОЧЕКУВАНИ РЕЗУЛТАТИ:**

- Родово сензибилни локални институциии
- Подигната свест за родовата еднаквост кај населението во општина Делчево
- Подготвени и усвоени стратешки и оперативни програми
-

**СТРАТЕШКИ ПРИОРИТЕТ 4: Вклучување на родовата перспектива во јавните политики кои се носат на локално ниво за ублажување на ефектите од климатските промени и енергетската криза**
**ЦЕЛ 4.1 Подигање на свеста за намалување на загадувањето и начини на штедење на електрична енергија**

Мерки:

- Едукативни работилници за подигање на свеста за намалување на загадувањето и начини на штедење на електрична енергија со учениците, бизнис секторот и индивидуални земјоделци

ЦЕЛ 4.2 Зголемување на енергетската ефикасност и употреба на зелена енергија

- Поставување на фотоволтаици на јавните институции
- замена на уличните светилки со енергетско ефикасни

ОЧЕКУВАНИ РЕЗУЛТАТИ:

- Зголемена свесност кај граѓаните за ефектите од загадувањето на воздухот врз животната средина и здравјето на луѓето
- Подобрена енергетска ефикасност преку воведување на зелена енергија
- Стратешки приоритет 5.. здравство

ЦЕЛ 5.1 Подигање на свеста кај жените и мажите за контролирање на здравјето

Мерки:

- Едуакција во основните и средните училишта за важноста на превенцијата
- Прегледи кај мажите после 40-тата година (прегледи за простатата)

ЦЕЛ 5.2 Нега и грижа за стари и изнемоштени лица во домашни услови вклучувајќи стручни невработени лица од областа на здравството.

Мерки:

- Продолжување на грижата кај стари и изнемоштени лица во домашни услови

ЦЕЛ 5.3 Обезбедување на гинеколошки преглед и мамографски (бесплатно) преглед на заинтересирани жени.

Мерки:

- Обезбедување на гинеколошки преглед и мамографски (бесплатен) преглед на заинтересирани жени.
- Едукативни работилници за значењето на редовните мамографски прегледи и гинеколошки прегледи
- Обезбедување на превоз за жените од одалечените места (рурални средини)

ОЧЕКУВАНИ РЕЗУЛТАТИ:

- Зголемен број на превентивни прегледи
- Ефективни тимови за грижа на стари и изнемоштени лица во домашни услови
- Зголемен број на превентивни гинеколошки и мамографски прегледи.

| СТРАТЕШКИ ПРИОРИТЕТ 1: Човекови права и родова еднаквост во рамки на под-областа политика | | | | |
|---|---|---|---|---|
| ЦЕЛ 1.1 Зголемено учество на жените во Советите и комисиите на општините, во управните одбори и извршните раководни позиции на локалните институции; | | | | |
| Мерка/ активност | Индикатори на успешност | Буџет (МКД) | Временска рамка | Одговорно лице/ институција |
| Воведување на систем за собирање родово разделени податоци во сите области од работењето на општините и во самите општини и институции основани и во надлежност од нив | Воспоставен систем за собирање родово разделени податоци во сите области од работењето на општините и во самите општини и институции основани и во надлежност од нив | 10,000 | Јануари/февруари 2023<br>Собирање на податоци - континуирано | КЕМ Делчево<br>Советник за еднакви можности на општина Делчево,<br>Општински училишта и јавни претпријатија |
| Годишна презентација на релевантни наоди и параметри во однос на учеството на жените во Советот и комисиите на општината, во управните одбори и извршните раководни позиции на локалните институции во Делчево | Организирана и спроведена по една годишна презнтација за промоција на состојби /податоци и информации/ поврзани со родовата еднаквост и бројот на жени вклучен во Советот и комисиите на општините, во управните одбори и извршните раководни позиции на локалните институции | 5,000 | 2023-2026 | КЕМ Делчево<br>Советник за еднакви можности на општина Делчево |
| Создавање внатрешна процедура за задолжително разгледување на програмите на општините од страна на КЕМ во насока на нивна родова сензибилизација | Развиена и усвоена внатрешна процедура | / | Април 2023 | КЕМ Делчево<br>Советник за еднакви можности на општина Делчево |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | | | | |

Област на делување:

Човекови права и родова еднаквост

Подобласт - Родово базирано насилство

4. ФИНАНСИРАЊЕ

| СТРАТЕШКИ ПРИОРИТЕТ 1: Човекови права и родова еднаквост во рамки на под-областа - родово базирано насилство | | | | |
|---|---|---|---|---|
| ЦЕЛ 1.2: Зголемување на довербата кај граѓаните во надлежните институции во однос на родово базирано насилство; | | | | |
| Мерка/ активност | Индикатори на успешност | Буџет (МКД) | Временска рамка | Одговорно лице/ институција |
| Подигнување на свеста за родово базирано насилство преку локални кампањи, трибини и учество на сите засегнати страни | Број на организирани настани<br>Број на опфатени лица со кампањата<br>Зголемена свесност за 30% | 50,000 | Квартално 2023-2026 | КЕМ<br>Советник за еднакви можности на општина Делчево,<br>ГОи |
| Обезбедување за континуирано функционирање на сервис за бесплатна правна помош на жртвите на родово базирано насилство | Обезбедена поддршка на најмалку 10 жени | 60,000 | 2023 континуирано до 2026 | КЕМ<br>Советник за еднакви можности на општина<br>ГОи |
| Обезбедување на просторија за 24h згрижување на жртви од семејно насилство | Обезбеден и во функција простор за згижување на жртви од семејно насилство | 100,000 | Март 2023 | Градоначалник,<br>КЕМ<br>Советник за еднакви можности на општина Делчево,<br>ГОи |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| Истражување на бројот на жртви од родово насилство | Спроведено истражување и препораки врз основа на добиените податоци | 120,000 | 2023-2026 | КЕМ<br>Советник за еднакви можности на општина Делчево, ГОи |

Област на делување:

Човекови права и родова еднаквост

Подобласт- Економија

| СТРАТЕШКИ ПРИОРИТЕТ 1: Човекови права и родова еднаквост во рамки на под-обласата - економија; | | | | |
|---|---|---|---|---|
| ЦЕЛ 1.3: Економско јакнење и повисок степен на искористување на економските права и можности на жените од општините Дечево, Берово и Пехчево; | | | | |
| Мерка/ активност | Индикатори на успешност | Буџет (МКД) | Временска рамка | Одговорно лице/ институција |
| Афирмација на можностите за самовработување во областа на земјоделството, преку поттикнување на женското претприемништво и подобрување на информираноста и пристапот на жените до програмите на АФПЗРР и ИПАРД фондовите | Зголемен број на жени корисници на програмите на АФПЗРР и ИПАРД фондовите, за 10% | 24,000 | Март - октомври2023-2026 | КЕМ<br>Советник за еднакви можности на општина Делчево, ГОи, Подрачни единици на МЗШВ |
| Поддршка во подобрувањето на претприемничките вештини на млади, жени и ранливи групи за започнување сопствен бизнис и | Зголемен број на обучени млади, жени и други ранливи групи граѓани во руралните средини за 20% | 100,000 | Март-октомври 2023-2026 | КЕМ, ГОи, Центар за вработување |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| самобвработување преку обуки | | | | |
| Здружување на производители и собирачи на производи преку детекција на заинтересирани страни и едукативни работилници | Формирана една задруга<br>Број на одржани едукативни работилници<br>Број на учесници | 20,000 | Февруари – декември 2023-2026 | КЕМ, ГОи |

Област на делување:

Партиципација во креирање и имплементација на локални и јавни политики

| СТРАТЕШКИ ПРИОРИТЕТ 2: Партиципација во креирање и имплементација на локални и јавни политики | | | | |
|---|---|---|---|---|
| ЦЕЛ: 2.1 Активација на локалните административни единици (месни и урбани заедници) заради создавање на услови за учество на жените од маргинализираните групи и руралните средини во процеси за креирање и имплементирање на локални јавни политики. | | | | |
| **Мерка/ активност** | **Индикатори на успешност** | **Буџет (МКД)** | **Временска рамка** | **Одговорно лице/ институција** |
| Активно работење на месните заедници во руралните средини во кои ќе бидат вклучени повеќе жени кои ќе придонесат за развој на руралните средини. | Број на жени учеснички на состаноците на УЗ/МЗ | 20,000 | Март- јуни – септември - декември 2023-2026 | КЕМ, ГОи |
| Формирање на повеќе клубови или здруженија во кои ќе бидат опфатени жени од руралните средини, но и од урбаните средини. | Број на клубови/ здруженија кои вклучиваат и/или работат со жени од руралните средини | 20,000 | 2023 континуирано до 2026 | КЕМ, ГОи |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| Обезбедување редовен превоз во микро регион | Линиски превоз од и до најмалку 4 рурални средини | 100,000 | Февруари 2023 | КЕМ, ГОи, Градоначалник, бизнис заедница |

Област на делување:

Едукација и јакнење на капацитетите за родовата еднаквост и родова сензибилизација на КЕМ, локалните институции, граѓанското општество и целокупното население

| СТРАТЕШКИ ПРИОРИТЕТ 3: Едукација и јакнење на капацитетите за родовата еднаквост и родова сензибилизација на КЕМ, локалните институции, граѓанското општество и целокупното население | | | | |
|---|---|---|---|---|
| ЦЕЛ 3.1 Родова сензибилизација на наставниот кадар од општинските основни и средни училишта заради личен пример и индиректна едукација на учениците | | | | |
| Мерка/ активност | Индикатори на успешност | Буџет (МКД) | Временска рамка | Одговорно лице/ институција |
| Едукација на вработените во локалните институции за навремено препознавање на формите на родово базирано насилство во општините Делчево, Берово и Пехчево | Број на спроведени настани<br>Број на присутни | 20,000 | Март, јуни, ноември 2023-2026 | КЕМ, Сектор за образование на општина Делчево, ГО |
| Со едукација до родова сензибилизација на наставниот кадар од општинските основни и средни училишта од регионот заради давање на личен пример и индиректна едукација на учениците | Опфатени 70% од наставниот кадар | 20,000 | Март, јуни, ноември 2023-2026 | КЕМ, ГОи |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| Кампања за поголемо вклучување на девојчињата за стекнување повисок степен на образование | Опфатени 70% од девојчињата на возраст од 7-17 години со едукативна кампања | 50,000 | Април – септември 2023-2026 | КЕМ, основни и средни училишта, ГОи |
| **ЦЕЛ 3.2 Зајакната свест на граѓаните за родовата еднаквост** | | | | |
| Подигнување на свеста за родовата еднаквост преку локални кампањи, трибини и учество на сите засегнати страни | Опфатено најмалку 60% од населението со кампања<br>Број на организирани настани | 30,000 | 2023 континуирано до 2026 | КЕМ, ГОи |
| **ЦЕЛ 3.3 Функционалност на Комисиите за еднакви можности од Делчево, Берово и Пехчево** | | | | |
| Размена на информации и искуства со повеќе општини од државата, но и вмрежување со други од Европа и Балканот, со цел споделување на нивни искуства кои можат да се применат во општината | Број на настани за вмрежување<br>Имплементирани акции | 40,000 | (квартално) 2023-2026 | КЕМ, ГОи |
| Поголема соработка на институциите на локално ниво со невладини организации.(Едукација, партнерски проекти, меѓугранична соработка, споделување знаења и искуства) | Организирани најмалку 20 заеднички настани | 100,000 | (континуирано) 2023-2026 | КЕМ, ГОи |
| Изработка на Деловници и Годишни програми за работа на КЕМ Делчево | Подготвен ии усвоен деловник за работа на КЕМ | / | Јануари – март 2023 | КЕМ, Координатор за еднакви можности |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | Подготвени и усвоени годишни програми на КЕМ | | | |

Област на делување:

**Вклучување на родовата перспектива во јавните политики кои се носат на локално ниво за ублажување на ефектите од климатските промени и енергетската криза**

| СТРАТЕШКИ ПРИОРИТЕТ 4: Вклучување на родовата перспектива во јавните политики кои се носат на локално ниво за ублажување на ефектите од климатските промени и енергетската криза | | | | |
|---|---|---|---|---|
| ЦЕЛ 4.1 Подигање на свеста за намалување на загадувањето и начини на штедење на електрична енергија | | | | |
| Мерка/ активност | Индикатори на успешност | Буџет (МКД) | Временска рамка | Одговорно лице/ институција |
| Едукативни работилници за подигање на свеста за намалување на загадувањето и начини на штедење на електрична енергија со учениците, бизнис секторот и индивидуални земјоделци | Број на одржани настани<br><br>Број на учесници поделени по сектор | 30,000 | Јануари – мај 2023-2026 | КЕМ, ГОи |
| ЦЕЛ 4.2 Зголемување на енергетската ефикасност и употреба на зелена енергија | | | | |
| Поставување на фотоволтаици на јавните институции | Поставени фотоволтаици на најмалку 4 јавни институции | 1,500,000 | 2023 | КЕМ, Општина Делчево, јавни институции, ГОи |
| Замена на уличните светилки со енергетско ефикасни | Поставени енергетско ефикасни светилки на најмалку 50% од мрежата за улично осветлување | 1,500,000 | 2023 | КЕМ, Општина Делчево |

Област на делување:

Здравство

| СТРАТЕШКИ ПРИОРИТЕТ 5: Здравство | | | | |
|---|---|---|---|---|
| ЦЕЛ 5.1 Подигање на свеста кај жените и мажите за контролирање на здравјето | | | | |
| Мерка/ активност | Индикатори на успешност | Буџет (МКД) | Временска рамка | Одговорно лице/ институција |
| Едуакција во основните и средните училишта за важноста на превенцијата на женското и машкото здравје | Зголемена свесност за прашањето за 50%<br>Број на организирани настани | 50,000 | Април и ноември 2023-2026 | КЕМ, ГО, основни и средни училишта |
| Прегледи кај мажите после 40-тата година (прегледи за простатата) | Вклучени најмалку 30% од машката популација во превентивни прегледи | 120,000 | 2023-2026 | КЕМ, ГОи |
| ЦЕЛ 5.2 Нега и грижа за стари и изнемоштени лица во домашни услови вклучувајќи стручни невработени лица од обл | | | | |
| Продолжување на грижата кај стари и изнемоштени лица во домашни услови | Формирани и оперативни најмалку 2 тима кои работат на грижа на стари и изнемоштени лица во домашни услови | 200,000 | 2023-2026 | КЕМ, Сектор за социјална политика при општина Делчево |
| ЦЕЛ 5.3 Обезбедување на гинеколошки преглед и мамографски (бесплатен) преглед на заинтересирани жени | | | | |
| Обезбедување на гинеколошки преглед и мамографски (бесплатен) преглед на заинтересирани жени. | Опфатени најмалку 50% од женската популација | 40,000 | 2023 континуиран о | КЕМ, МЗ, матични гинеколози од Делчево |
| Едукативни работилници за значењето на редовните мамографски прегледи и гинеколошки прегледи | Организирани најмалку 2 настани годишно за значењето на мамографските и гинеколошките прегледи | 20,000 | Мај и октомври 2023-2026 | КЕМ, матични гинеколози од Делчево, ГОи |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | | | | |

Финансирањето на активностите утврдени со оваа Програма ќе биде обезбедено од донации, проекти и средства од Буџетот на Општина Делчево .

За активностите од областите, што не ги опфаќа Програмата, а кои со својата актуелност, квалитет и општествен интерес ќе се појават дополнително во текот на 2023 година, ќе бидат предвидени дополнителни финансиски средства во Буџетот на Општина Делчево.

## 5. ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

Предлагач на Програмата е Комисијата за еднакви можности при Советот на Општина Делчево.

Реализацијата и следењето на активностите од оваа Програма ќе се одвива преку Одделението за јавни дејности при Општина Делчево, а надзорот на спроведувањето ќе го врши Комисијата за еднакви можности на жените и мажите.

Програмата влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Делчево".

Број 09-475/1 СОВЕТ НА ОПШТИНА ДЕЛЧЕВО
Од 24.02.2023 година Претседател
Делчево Гоце Попов,с.р.

**13.** Врз основа на член 5 став 15 од Законот за комунални дејности („Службен весник на РМ" бр.95/2012...302/20), член 22 став 1 точка 13 од Законот за локална самоуправа (,,Сл. Весник на РМ,, бр.5/2002), член 26,27,28,29 и 30 од Законот за заштита и благосостојба на животните (,,Сл. Весник на РМ,, бр.149/14,53/16) и член 143,144 и 145 од Одлуката за комунален ред (Сл. Гласник на Општина Делчево бр. 13 од 20.12.2012) Советот на Општина Делчево, на својата 19.седница, ја донесе следната

# ПРОГРАМА
## за решавање на проблемот со кучињата-скитници на подрачјето на Општина Делчево за 2023/24 година

1. **Вовед**

   Целта на донесувањето на Програмата за решавање на проблемот со кучињата скитници на територијата на Општина Делчево е утврдување на активностите за отстранување на кучињата-скитници, организацијата и обемот на извршување на активностите, како и посебните финансиски средства.

   Под поимот кучиња-скитници, во смисла на оваа предлог Програма се подразбира кучиња кои не се регистрирани, обележани и не се чуваат согласно Законот за заштита и благосостојба на животните или немаат сопственик и слободно и неконтролирано се движат по урбаните делови на општина Делчево (градот и селските населби).

2. **Едукација и информирање**

Една од целите на оваа Програма е едукација и информирање на јавноста со активностите на истата.

Образованието е едно од долгорочните позитивни решенија за контрола на бездомните животни, па затоа од фундаментално значење е промовирање на едукативни кампањи насочени кон промовирање на непречена и конструктивна коегзистенција меѓу луѓето и животните. За да се постигнат споменатите резултати, потребно е во овие кампањи покрај сопствениците на животни, да се вклучат сите граѓани (возрасни, млади и деца) со вклучување на сите релевантни чинители (училиштата и медиумите), како и луѓето кои работат со животни. Главните аспекти се однесуваат на следново :

- Да се воведе концептот на одговорно сопственишто, важноста од стерилизација, вакцинација, идентификација и регистрација
- Да се поттикнат сопствениците да ги стерилизираат, вакцинираат, да ги идентификуваат и да ги регистрираат своите миленици
- Да се поттикнат и промовираат најдобрите практики од соседните земји
- Да се промовира одговорна грижа за маалските бездомни кучиња
- Да се едуцираат граѓаните и да се промовира почитувањето на биолошките, психолошките и етолошките потреби на милениците
- Да се поттикнат луѓето да пријавуваат малтретирање, злоупотреба и убиство на животни до ссодветни органи
- Да се обучат луѓето кои работат со животни (како во прифатилиштата, така и на улиците).

3. **Планирани мерки и активности**

Програмата за решавање на проблемот со кучињата-скитници на територијата на Општина Делчево е заснована на Договор за јавна набавка на услуги ,,Набавка на шинтерски услуги за фаќање и хуман третман на кучиња скитници на подрачјето на Општина Делчево за период од 1 година,, склучен на ден 25.05.2022 година помеѓу Општина Делчево и ДОО Ветеринарна станица ЗДРАВЈЕ која поседува прифатилиште кое е одобрено од Агенција за храна и ветеринарство и ги предвидува следниве активности :

- Заловување на животните,
- Нивен транспорт до стационарот,
- Прием и преглед од овластен ветеринар,
- Лабараториско испитување на животните на одредени болести,
- Идентификација и водење евиденција,
- Стерилизација(овариохистеректомија и орхиектомија)
- Постоперативно сместување, лекување и нега
- Вакцинација и дехелментација
- Веб сервис за објавување на заловените животни и поттикнување на вдомувањето
- Повторно враќање на животните на локацијата од каде биле заловени
- Еутаназија на многу болни и екстремно агресивни животни по средината, доколку не се вдомат

4. **Финансирање**

Финансирањето на Програмата за решавање на проблемот со кучињата-скитници на териитонија на Општина Делчево ќе се врши од средства предвидени од Буџетот на Општина Делчево согласно Договор за јавна набавка на услуги ,,Набавка на шинтерски услуги за фаќање и хуман третман на кучиња скитници на подрачјето на Општина Делчево за период

од 1 година,, заведен во Општина Делчево под број 22-757/6 од 25.05.2022 година и Понуда која е составен дел на Договорот.

5. Извршител

Извршител на активностите од оваа Програма е ДОО Ветеринарна станица ЗДРАВЈЕ Делчево, врз основа на претходно склучен договор со општината.

- Извршителот треба да обезбеди:

  А) опремување на привремено сместувалиште на фатените кучиња-скитници(подвижни и статични кафези и простор за нивно поставување) каде ќе се чуваат во временски период до 30 дена.

  Б) набавување на опрема за фаќање(специјални мамки и мрежи или пиштол со ампули за анестезија на кучињата)

  В) храна за кучиња

  Г) средство за еутанизирање на истите

  Д) превоз на мршите до гробници за изумрените животни

  Ѓ) утврдување на режимот на работа на уништување на кучињата-скитници

  Е) планирање на финансиски средства за наведените активности.

  Плаќањето ќе се врши во рок од 15 дена по стварно извршување на услугата, доставена фактура од економскиот оператор и Потврда од овластено службено лице – Советник инспектор за заштита на животната средина за бројот на кучиња што се заловени, видот и начинот на третирањето..

6. Надзор

Надзор над извршувањето на Програмата врши Советник - инспектор за заштита на животната средина при Општина Делчево во соработка со ЈПКД Брегалница, Делчево.

Општински инспектор ќе спроведува редовни контроли во текот на целата година по претходно изготвен План за работа во кој детално е предвидена динамиката на спроведување на контроли од страна на инспектор.

7. Завршна одредба

Оваа предлог програма за решавање на кучињата-скитници за подрачјето на Општина Делчево ќе влезе во сила со денот на објавувањето во службен гласник на Општина Делчево.

Број 09-476/1 СОВЕТ НА ОПШТИНА ДЕЛЧЕВО

24.02.2023 Претседател

Делчево Гоце Попов,с.р.

**14.** Врз основа на член 5 став 2 алинеја 2 од Законот за управување со кризи („Сл.весник на РМ“ бр.29/05 и 36/11), член 36 став 1 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/2002) и член 22 од Статутот на Општина Делчево („Сл.гласник на Општина Делчево“ бр.15/2013), како и член 13 и член 14 од од Уредбата за Методологија за изработка на Процената за загрозеност на безбедноста на РМ од сите ризици и опасности, нејзината содржина и структура, начинот на чување и ажурирање, како и определувањето на субјектите во системот за управување со кризи на кои им се доставува целосна или извод од процената („Сл.весник на РМ“ 13/2011), Советот на Општина Делчево, на својата 19.седница одржана на ден 10.02.2023 година, донесе

ОДЛУКА
**за отпочнување на активности за редовно ажурирање**
**на Процената на загрозеност на подрачјето на општина Делчево**
**од сите ризици и опасности**

Член 1

Се донесува Одлука за отпочнување на активности за редовно ажурирање на Процената на загрозеност на подрачјето на општина Делчево од сите ризици и опасности.

Ажурирањето се однесува на Процената на загрозеност на подрачјето на општина Делчево од сите ризици и опасности донесена од страна на Советот на Општината со Одлука бр. 09-737/1 од 14.04.2020 година.

Член 2

Одлуката влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Сл.гласник на Општина Делчево“.

Број 09-477 /1 СОВЕТ НА ОПШТИНА ДЕЛЧЕВО
24.02.2023 година Претседател,
Д е л ч е в о Гоце Попов,с.р.

**15.**Врз основа на член 36 од Законот за локална самоуправа („Сл.Весник на РМ“ бр. 5/2002) и Барањето на мислење на Програми за изведување на ученички екскурзии и други слободни активности во ООУ „Ванчо Прке“-Делчево,а согласно член 7 став 1 од Правилникот за начинот за изведување на ученички екскурзии и други слободни активности на учениците од основните училишта, Советот на Општина Делчево, на својата 19. редовна седница, одржана на ден 24.02.2023 година, го дава следнот

МИСЛЕЊЕ
**на Програмата за реализација на ученичка екскурзија низ РСМ**
**за ученици од трето одделение во ООУ „Св.Климент Охридски“-Делчево**
**за учебната 2022/2023**

1.Советот на Општина Делчево дава позитивно Мислење на Програмата за реализација на ученичка екскурзија низ РСМ за ученици од трето одделение во ООУ „Св.Климент Охридски“-Делчево за учебната 2022/2023.

2. Мислењето влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Делчево“.

Број 09-478/1 СОВЕТ НА ОПШТИНА ДЕЛЧЕВО
24.02.2023 год. Претседател,
Д е л ч е в о Гоце Попов,с.р.

16.Врз основа на член 36 од Законот за локална самоуправа („Сл.Весник на РМ“ бр. 5/2002) и Барањето на мислење на Програми за изведување на ученички екскурзии и други слободни активности во ООУ „Ванчо Прке“-Делчево,а согласно член 7 став 1 од Правилникот за начинот за изведување на ученички екскурзии и други слободни активности на учениците од основните училишта, Советот на Општина Делчево, на својата 19. редовна седница, одржана на ден 24.02.2023 година, го дава следното

МИСЛЕЊЕ
на Програмата за реализација на дводневна научна екскурзија
за ученици од шесто одделение во ООУ „Св.Климент Охридски“-Делчево
за учебната 2022/2023

` 1.Советот на Општина Делчево дава позитивно Мислење на Програмата за дводневна научна екскурзија за ученици од шесто одделение во ООУ „Св.Климент Охридски“-Делчево за учебната 2022/2023

2. Мислењето влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Делчево“.

Број 09-479/1 СОВЕТ НА ОПШТИНА ДЕЛЧЕВО
24.02.2023 год. Претседател,
Д е л ч е в о Гоце Попов,с.р.

17.Врз основа на член 36 од Законот за локална самоуправа („Сл.Весник на РМ“ бр. 5/2002) и Барањето на мислење на Програми за изведување на ученички екскурзии и други слободни активности во ООУ „Ванчо Прке“-Делчево,а согласно член 7 став 1 од Правилникот за начинот за изведување на ученички екскурзии и други слободни активности на учениците од основните училишта, Советот на Општина Делчево, на својата 19. редовна седница, одржана на ден 24.02.2023 година, го дава следното

МИСЛЕЊЕ
на Програмата за реализација на тридневна училишна екскурзија
за ученици од деветто одделение во ООУ „Св.Климент Охридски“-Делчево
во учебната 2022/2023

1.Советот на Општина Делчево дава позитивно Мислење на Програмата за реализација на тридневна училишна екскурзија за учениците од деветто одделение во ООУ „Св.Климент Охридски“-Делчево за учебната 2022/2023.

2. Мислењето влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Делчево“.

Број 09-480/1 СОВЕТ НА ОПШТИНА ДЕЛЧЕВО
24.02.2023 год. Претседател,
Д е л ч е в о Гоце Попов,с.р.